# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>15.03.2018 год.<br>БРОЈ 3 ГОДИНА 53 |
|---|---|


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страница |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за збратимување на Општина Охрид со Општина Велико Трново - Бугарија | 5 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. до 31.12.2017 година | 6 |
| 3. | Програма за спроведување општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2018 година. | 13 |
| 4. | Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Охрид за 2019 година | 20 |
| 5. | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 31.12.2017 година | 21 |
| 6. | Одлука за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за култура за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година | 24 |
| 7. | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2017 година | 31 |
| 8. | Одлука за усвојување на Годишниот извештај и завршната сметка на буџетот на единицата на локалната самоуправа Општина Охрид за 2017 година и Извештајот за годишниот попис за 2017 година | 38 |
| 9. | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2017 година на ОМУ„Методи Патче“ - Охрид | 45 |
| 10. | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2016/2017 година | 46 |
| 11. | Одлука за усвојување на Методологијата за распределба на блок - дотацијата за основно и средно образование во општина Охрид | 47 |
| 12. | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој и Финансискиот извештај за 2017 година | 49 |

| | | |
|---|---|---|
| **13.** | Одлука за дополнување на Одлуката за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид | **50** |
| **14.** | Одлука за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП Градски Пазар-Охрид | **51** |
| **15.** | Одлука за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Градски гробишта“ -Охрид | **52** |
| **16.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена на статутот на ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид | **53** |
| **17.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид со среднорочен кредит за набавка на комунални возила | **54** |
| **18.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услуги што ги врши ЈП Градски Пазар – Охрид | **56** |
| **19.** | Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште | **60** |
| **20.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.132/1 КО Охрид 4 | **61** |
| **21.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.242 и КП.бр. 243 КО Долно Лакочереј | **62** |
| **22.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.463/2 КО Охрид 4 | **63** |
| **23.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.463/4 КО Охрид 4 | **64** |
| **24.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.688/1 КО Рамне | **65** |
| **25.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 774 и КП.бр. 29/1 КО Косел | **66** |
| **26.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.806 КО Љубаништа | **67** |
| **27.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.914 КО Речица | **68** |
| **28.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.941/20 КО Оровник | **69** |
| **29.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.951/2 и КП.бр. 951/27 КО Оровник | **70** |
| **30.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот | **71** |

| | | |
|---|---|---|
| | објект на КП.бр.1311/3 и КП.бр. 1321 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| **31.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.1362/1 КО Лескоец | **72** |
| **32.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1438 КО Трпејца | **73** |
| **33.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1529/1 КО Трпејца | **74** |
| **34.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП. 1875 и 1874/1 КО Пештани | **75** |
| **35.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1902/9 КО Лескоец | **76** |
| **36.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 1917 и КП.бр. 1919 КО Лескоец | **77** |
| **37.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2122 КО Велестово | **78** |
| **38.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2153/3 КО Лескоец | **79** |
| **39.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2165 КО Лескоец | **80** |
| **40.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2210 КО Лескоец | **81** |
| **41.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2265/1 КО Лескоец | **82** |
| **42.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2357 КО Лескоец | **83** |
| **43.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2370/1 КО Охрид 4 | **84** |
| **44.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2574/1 КО Долно Лакочереј | **85** |
| **45.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација,со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 3185 и КП.бр.3193/2 КО Коњско | **86** |
| **46.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 3711/1 и КП.бр. 3712/1 КО Охрид 4 | **87** |

| | | |
|---|---|---|
| **47.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 3712/1 и КП.бр. 3709/2 КО Охрид 4 | **88** |
| **48.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 7062/1 КО Охрид 1 | **89** |
| **49.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 7063 КО Охрид 1 | **90** |
| **50.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 8515 КО Охрид 2 | **91** |
| **51.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 9391/3 КО Охрид 2 | **92** |
| **52.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 10262/1 КО Охрид 2 | **93** |
| **53.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко-планска документација, за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 10377 КО Охрид 2 | **94** |
| **54.** | Јавна објава | **95** |
| **55.** | Јавна објава | **95** |
| **56.** | Јавна објава | **95** |
| **57.** | Јавна објава | **96** |
| **58.** | Јавна објава | **96** |
| **59.** | Јавна објава | **97** |
| **60.** | Јавна објава | **97** |
| **61.** | Јавна објава | **98** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД СО ОПШТИНА ВЕЛИКО ТРНОВО - БУГАРИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за збратимување на општина Охрид со општина Велико Трново - Бугарија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/3**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и врз основа на чл.18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 год. донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ОХРИД СО ОПШТИНА ВЕЛИКО ТРНОВО - БУГАРИЈА**

**Член 1**

Општина Охрид се збратимува со Општина Велико Трново – Бугарија.

**Член 2**

Се овластува градоначалникот на Општина Охрид Јован Стојаноски да го потпише актот за збратимување на градовите.

**Член 3**

Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените градови од член 1 на оваа одлука ќе се утврди со посебен протокол.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/3**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. до 31.12.2017 година , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 13 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. до 31.12.2017 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**

**За состојбата во областа на јавна безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата**

**ОПШТИ СОСТОЈБИ И УСЛОВИ**

Во текот на втората половина на 2017 година ПС од општа надлежност - Охрид согласно законската функција и надлежност, работите ги извршуваше во сложени општествено економски и социјални услови, а **релативно поволна безбедносна состојба**.

Ангажманот беше насочен кон остварување на човековите права и слободи, заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, откривачката функција, спречувањето и откривањето на кривични дела и.т.н., заштита на јавниот ред и мир и поредокот, а целокупните активности се преземаа согласно определените и приоритетните цели во корелација со останатите организациони единици во СВР-Охрид, односно МВР на РМ.

Динамиката и појавата на нови облици и форми на криминалитетот како и појавата на нови извршители на кривични дела, туристичката сезона, зголеменото обезбедување на објекти

и личности, културни манифестации и спортски натпревари беа главни индикатори во извршувањето на работите и работните задачи.

Индикатори кои влијаеа и го детерминираа извршувањето на функцијата на ПС ОН - Охрид во **втора половина на 2017 година:**

а) Моменталната безбедносна состојба во Република Македонија на политички, економски, безбедносен аспект и од аспект на севкупен општествен живот во земјата, ја детерминираат безбедносната состојба на територијата на Општина Охрид, која може да се оцени како поволна и стабилна и покрај тоа што негативните општествени појави и настани во нашата земја, соседните држави и регионот имаат влијание и одраз на безбедносната состојба во Општина Охрид.

Присутното незадоволство кај граѓаните од аспект на економската сфера и политичката состојба, ја усложнува и неповолно се одразува на безбедносната состојба на Општина Охрид, што резултираше со организирано незадоволство во вид на протестни маршови подржани од Граѓански здруженија (собир на граѓани на регионален пат Охрид-Св.Наум во населба Лагадин,собир на граѓани кои протестираа во врска со поставување на предавател на мобилниот оператор „ВИП“,собир на граѓани во организација на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, а во врска со изречените мерки Притвор на пратеници и членови од политичка партија.)
но при тоа не се регистрирани појави и настани кои во овој момент би можеле да ја загрозат безбедносната состојба.

Во областа на ЈРМ и безбедноста на патниот сообраќај, не се регистрирани извршувања на потешки прекршоци или вршење на прекршоци во поголем обем, а не се регистрирани ни останати недозволени асоцијални однесувања. Лицата нарушители и лица склони кон нарушување на ЈРМ не манифестираат посебни активности.

На подрачјето на Општина Охрид, присутни се вообичаен број на странци во хотелите и во приватните сместувања, а од страна на присутните странци не се регистрирани безбедносно интересни појави.

ПС од ОН - Охрид согласно законските одредби ја остваруваше својата функција со максимално професионално ангажирање на своите работници и со почитување на законитоста при извршување на задачите. Во тој контекст за потенцирање е :

а)Обезбедување на почетокот на туристичка сезона со оглед на зголемено присуство на домашни и странски туристи а се со цел безбеден престој на подрачјето од Охрид

б) ангажираноста за време на бројните обезбедувања при посетата на домашни и странски делегации ;

в) Обезбедување на културна манифестаци фолклорни фестивали ,одржани бројни концерти на подрачјето кои ги покрива ПС ОН Охрид,верски собири, прослави,,обезбедување на спортски натпревари,обезбедувања на протести ,манифестации,концерти,новогодишни празници ,локални избори 2017 и др.

г) Обезбедување на личности и објекти ( голем број посебни и вонредни обезбедувања);

д) Континуирани акциски контроли во угостителски објекти во содејство со други надлежни институции, како и контрола и акции во областа на сообраќајот.

**Состојба во областа на криминалитетот на подрачјето на ПС од општа надлежност – Охрид за периодот од 01.07.2017 година до 31.12.2017година споредбено со истиот период 2016година**

**Пријавени кривични дела**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Класичен криминалитет | 414 | 360 |
| Расветлени +познат | 187 | 261 |
| Нерасветлени | 227 | 99 |
| Поднесени кривични пријави | 133 | 168 |
| Пријавени лица | 115 | 169 |
| Полнолетни | 101 | 156 |
| Малолетни | 14 | 13 |
| Повторници | 59 | 42 |

**Преглед на пријавени и реализирани КД**

| | **01.07.2017** | **31.12.2017** | **01.07.2016** | **31.12.2016** |
|---|---|---|---|---|
| | Пријавени КД | Реализирани КД | Пријавени КД | Реализирани КД |
| Убиство во обид | 1 | 1 | 1 | 1 |
| Телесна повреда член130 став2 | 7 | 7 | 17 | 17 |
| Тешка Телесна повреда член 131 став 1и2 | 3 | 3 | 6 | 6 |
| Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница(член133) | 2 | 2 | 5 | 5 |
| Кражба | 89 | 21 | 95 | 66 |
| Тешка кражба | 191 | 52 | 180 | 94 |
| Разбојништво | 6 | 3 | 6 | 4 |
| Разбојничка кражба | 1 | / | / | / |
| Одземање МВ | 3 | 2 | 4 | 3 |
| Измама | 7 | 6 | 7 | 7 |
| Изнуда | 1 | 1 | 4 | 3 |
| Точење алкохолни пијалоци на дете | / | / | / | / |
| Фалсификување исправа | 2 | 2 | 5 | 5 |

**ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ**

| | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Пријавени | 35 | 35 |
| Расветлени | 32 | 23 |
| Пријавени лица | 23 | 19 |
| Полнолетни | 22 | 19 |
| Повторници | 9 | 15 |

Во овој период во областа на економскиот криминалитет поднесени се вкупно 21 кривични пријави.

**НТ СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ**

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Пријавени | 35 | 28 |
| Расветлени | 35 | 27 |
| Пријавени лице | 34 | 26 |
| Повторници | 18 | 13 |

Во овој период во оваа област поднесени се 33 кривична пријави.

**ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

| | 2017 | 2016 |
|---|---|---|
| Пријавени | 5 | 19 |
| Расветлени | 4 | 5 |
| Пријавени лица | 3 | 2 |
| Полнолетни | 3 | 2 |
| повторници | 1 | / |

Во областа на организираниот криминал поднесени се 2 кривични пријави.

**Состојба за прекршоците и сторителите од областа на јавниот ред и мир на подрачјето на ПС од општа надлежност - Охрид за периодот од 01.07.2017 до 31.12.2017година**

Состојбата во областа на јавниот ред и мир за периодот од 01.07.2017 до 31.12.2017 година бележи намалување на нарушувањата во однос на истиот период од минатата година, така што бележиме намалување на бројот на регистрирани прекршоци, намалување на бројот на сторители и намалување на бројот на барања за поведување на прекршочна постапка. Во анализираниот период на подрачјето на ПС од општа надлежност-Охрид, не е регистрирано нарушување на ЈРМ од поголем обем или со елементи на насилство.

**Регистрирани прекршоци:**

Од 01.07. 2017 до 31.12. 2017 година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 224 |
| Сторители | 293 |
| Барања | 203 |
| Основен суд | 87 |
| Комисија | 116 |

Од 01.07. 2016 до 31.12. 2016 година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 250 |
| Сторители | 324 |
| Барања | 229 |
| Основен суд | 88 |
| Комисија | 141 |

Состојбата на застапеност на прекршоците по видови, споредбено со истиот период од минатата година е следна:

| **01.07.2017 до 31.12.2017 година** | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| Карање и викање (чл.4 ) | 30 | 35 |
| Фрлање или кршење на предмети (чл.5) | 09 | 06 |
| Оддавање на пијанство (чл.6) | 22 | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| Вознемирување на соседи (чл.7) | / | 01 |
| Гласна музика (чл.8) | 01 | 02 |
| Навредување или вршење присилба спрема друг (чл.10) | 07 | 07 |
| Учество, предизвикување и поттикну-вање друг на тепачка (чл. 11) | 35 | 34 |
| Физички напад (чл.12) | 50 | 56 |
| Омаловажува државен орган (чл.13) | 08 | 06 |
| Постапува спротивно на наредба на државен орган или ОСЛ (чл.14) | 03 | 02 |
| Лажно пријавување (чл.16) | 01 | 02 |
| Уживање на наркотички дроги (чл.20) | 19 | 21 |
| Присуство на малолетни лица во угостителски објекти по 24 ч. (чл.21) | 06 | 04 |
| Лажно претставување (чл.23) | 03 | 02 |
| Питачење (чл.24) | 12 | 05 |
| Кој го ремети ЈРМ во заеднички простории (чл.26) | 01 | 09 |
| оштетување или загадување јавни објекти, простори и нсталации (чл.27) | 01 | / |
| Кој без заштитни средства држи кучиња (чл.29) | 14 | 39 |
| Неовластено пукање од оружје (чл.31) | 01 | 01 |
| Не превземање мерки за одржување на ЈРМ (чл.33) | 01 | / |

**Место на извршување на прекршокот:**

Од 01.07.2017 до 31.12.2017 година Од 01.07.2016 до 31.12.2016 година

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Град | 207 | Град | | 227 |
| Село | 17 | Село | | 23 |
| Улица | 131 | Улица | | 172 |
| Приватен стан | 3 | Приватен стан | | 05 |
| Угостителски објект | 23 | Угостителски објект | | 16 |
| Други места | 67 | Други места | | 57 |

**Сторителите најчесто прекршоците ги вршат:**

| **Од 01.07. до 31.12.** | **2017 г** | **2016 г** |
|---|---|---|
| Поединечно | 164 | 182 |
| Здружени 2 лица | 36 | 53 |
| Во група од 3 и повеќе лица | 24 | 15 |

**Возраст и пол на сторителите:**

| **Од 01.07. до 31.12.** | **2017 г** | **2016 г** |
|---|---|---|
| Мажи | 248 | 266 |
| Жени | 37 | 53 |
| Полнолетни | 272 | 301 |
| Малолетници | 13 | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| Повторници | 47 | 33 |

**Причини кои што довеле до нарушувања на ЈРМ се:**

- должничко доверителни односи
- влошени брачни и семјни односи , влошени меѓучовечки односи
- употреба на алкохол
- прекршоци во сообраќајот кои прераснале во нарушен ЈРМ
- нетолеранција и недолично однесување кое довело до нарушен ЈРМ
- влошени меѓучовечки односи и лична нетрпеливост.

**БЕЗБЕДНОСТ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

Во периодот од 01.07.2017 до 31.12.2017 година, од страна на ПС за БПС беа превземени плански мерки и активности на превентивен и репресивен план спрема возила и возачи со цел подобрување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

**Вкупно пријавени сообраќајни незгоди:**

| **2017** | **2016** |
|---|---|
| 182 | 172 |

**Сообраќајни незгоди со потешки последици:**

| **2017** | **2016** |
|---|---|
| 86 | 95 |

**Загинати лица**

| **2017** | **2017** |
|---|---|
| / | 09 |

**Повредени лица-вкупно:**

| **2017** | **2016** |
|---|---|
| 119 | 129 |

**Тешко повредени лица:**

| **2017** | **2016** |
|---|---|
| 19 | 25 |

**Лесно повредени лица:**

| **2017** | **2016** |
|---|---|
| - | 104 |

**Вкупно регистрирани сообраќајни прекршоци:**

**2017** **2016**

889 846

**Во анализираниот период бележиме:**

| Година | **2017** | **2016** |
|---|---|---|
| пријавени лица | 884 | 827 |
| поднесени барања до суд | 355 | 351 |
| поднесени барања до комисија | 529 | 476 |

**Случени сообраќајни незгоди со потешки последици во населено место (град):**

**2017** **2016**
43 57

**Случени сообраќајни незгоди со потешки последици надвор од населено место:**
**според патни правци:**

| **2017** | **2016** |
|---|---|
| Охрид - Кичево - 15 | Охрид -Кичево -17 |
| Охрид - Св.Наум- 18 | Охрид - Св.Наум -11 |
| Охрид - Ресен – 05 | Охрид - Ресен – 03 |
| Охрид - Струга -05 | Охрид-Струга - 07 |

Како најчеста причина за случување на сообраќајните незгоди се јавува неприлагодена брзина према состојбата и условите на патот, односно факторот човек-возач, кој не ги почитува сообраќајните знаци, правила и прописи за однесување во сообраќајот.

Структурата на настрадани учесници е следна : сопатници -41(50),возачи–34(43),моторциклисти–15(16),пешаци–14(14),велосипедисти–14(15)што покажува дека сопатниците во пмв се најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот.

Исто така во овој период на 1260(870) возачи регистрирани им се негативни поени во возачка книшка за сторените сообраќајни прекршоци.

Во контекст на превземените превентивно репресивни мерки од сообраќај исклучени се206 (123) возачи и 212(131) возила, времено се одземени 22(52) возачки дозволи,употребен е алкотест во 33 (150) случаи при што 09 (40) возачи покажале знаци на алкохолизираност.

Исто така од страна на ПС за БПС спроведени беа 35 (34) акциски контроли од кои 10 (09) локални и 25 (25) републички контроли по разни основи.
Со почит,

**КОМАНДИР на ПС од ОН-ОХРИД**
**Самостоен инспектор, Сашко Дончевски**

**Број 08-3185/4-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за спроведување општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 14, став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004; 139/2008 , 99/2009, 149/14, 150/15), а во врска со член 18, став 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ број 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14) и член 36, став 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и Мислењето на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Охрид бр. 03-174/1 од 03.03.2018 година**,** Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 14.03.2018 година , донесе

**ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2018 ГОДИНА**

**Вовед**

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Охрид од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштитата на населението од заразни болести.

Главна цел на Програмата е спроведување општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2018 година.

Програмата дефинира 5 општи мерки за заштита на населението на општина Охрид од заразни заболувања, кои ќе се спроведат во согласност со стандардите и постапките утврдени со закон и тоа:

1) Обезбедување безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2) Отстранување отпадни води и друг тврд и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода, земјиште, воздух);
3) Вршење превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско- технички мерки на населени места и други јавни површини;
4) Обезбедување санитарно - технички и хигиенски услови во јавни објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, објекти за водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај,како и на јавни места;
5) Обезбедување хигиенски исправна вода во езерото
6) Обезбедување превентивно - промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Охрид, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје - Охрид. Во рамки на општите мерки за заштита на населението во општина Охрид, во 2018 година ќе се преземат следните мерки:

**1. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.**

Општина Охрид и во 2018 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

Водоснабдувањето на општина Охрид го врши МЈП „Проаква“ – Работна единица Водовод- Охрид и тоа за населените места: Орман, Рача, Велгошти,Лескоец, Д.Коњско, Пештани,Рамне и туристичките локалитети долж брегот на Езерото. Од локални водоводи се снабдуваат населените места: Велестово, Трпејца, Љубаништа, Косел, Ливоишта, Вапила, Сирула, Скребатно, Елшани, Расино, Опеница, Завој, Свињишта, Куратица, Подмоље, Оровник, Требеништа, Мешеишта, Климештани, Ботун, Злести, Брежани, Велмеј, Лешани, Белчишта, Горно и Долно Средоречје, Грко Поле , Песочан, Издеглавје, Слатино, Слатински чифлик, Оздолени, Сошани, Сливово, Ново Село, Арбиново, Врбјани, Годивје, Лактиње, Горенци, Горно и Долно Лакочереј, Мраморец, Турје, Плаќе, Речица, Шипокно, Црвена Вода, а со Одлука на Советот на општина Охрид се управува и со системот за водоснабдување во с. Љубаништа од втората половина на 2007 година. Од мај 2008 год. РЕ Водовод - Охрид управува и со системот за водоснабдување во с. Лескоец, а од 2011 година и со водоснабдување на селата Вапила, Ливоишта и Горно Лакочереј. ЈП „ДЕБАРЦА“ управува со водоснабдувањето на селата: Подмоље, Белчишта, Арбиново, Ботун, Брежани, Издеглавје, Лешани, Ново Село, Горенци, како и со Аеродромот „Св.Апостол Павле“ во Охрид и Средното училиште „Јахја Кемал“.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата, вршат две здравствени установи во Република Македонија и тоа: Институт за јавно здравје на РМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

**Планирани активности**

Согласно Правилникот за безбедност на водата ( „Сл.весник на РМ“ бр.46/08), анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на мониторингот се врши од страна на Центарот за јавно здравје - Охрид и Институтот за јавно здравје - Скопје. Испитувањето на санитарно – хигиенска исправност заради можност од евентуални загадувања и спречување на ризик од заболување на населението,се врши двапати годишно на мостри на сирова вода(нехлорирана ) од 5 изворишта:Летница, Бунари Студенчишта, Бунари Орман, Билјанини извори и од Охридско Езеро кај усисната корпа пред Пумпната станица „Метропол“ во Институтот за јавно здравје на РМ-Скопје. Испитувањата се земаат пред почеток и на крај на туристичката сезона. Исто така се врши испитување на квалитетот на водата и од мостри земени од населените места: Велгошти, Лескоец и Љубаништа.

На мострите испратени во ИЈЗРМ се вршат следните анализи:

- Проширена хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали;
- Анализа за присуство на пестициди и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Центарот за Јавно здравје - Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2018 година ќе врши еднаш неделно на 17-18 мерни места од системот за водоснабдување, вклучувајќи ги и селата приклучени на градскиот водовод.

На земените примероци во Центарот за јавно здравје - Охрид се врши:
- Основна микробиолошка и хемиски анализа
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај гореспоменатите контроли од двете јавни установи на Република Македонија се прави и трета контрола од страна на вработените во Јавното претпријатие МЈП „Проаква“ – Охрид. Секојдневно се контролира присуство на резидуален хлор во водата.

Заради обезбедување квалитетна вода за пиење покрај гореспоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци вработените во објектите за снабдување на населението со вода за пиење треба да извршат задолжителен здравствено – хигиенски преглед.

**2. Обезбедување исправна вода за рекреативни потреби на целото крајбрежие на Охридското Езеро**

За заштита на Охридското Езеро изграден е колекторскиот систем кој ги собира отпадните води, кои понатака се пречистуваат во пречистителната станица во с.Враништа. Бидејќи хотелот „Десарет“, автокампот „Градиште“, автокампот „Љубаништа“ како и сите угостителски објекти во Св. Наум не се вклучени во колекторскиот систем за пречистување на комуналните отпадни води поседуваат свои пречистителни станици т.н. путекси каде треба да се врши соодветно механичко, хемиско и биолошко пречистување на отпадните води. Селата Трпејца и Љубаништа за комуналните отпадни води користат септички јами чие празнење треба да се врши редовно, заради тоа што дел од нив се наоѓаат на самиот брег и се директни загадувачи на Езерото.

На реките: Черава, Сатеска, Велгошка и Коселска река кои директно се вливаат во Охридското Езеро и се едни од неговите главни загадувачи, се врши редовно земање мостри за испитување на физичко – хемиската и микробиолошката анализа на водата.

Центарот за јавно здравје – Охрид врши санитарно– хигиенски теренски увиди и истовремено се земаат мостри од езерската вода за физичко – хемиска бактериолошко и токсиколошка анализа со цел да се откријат потенцијалните загадувачи на езерската вода и да се преземат соодветни мерки за нивно благовремено санирање.

Мострите се земаат на 5 – 10 метри од брегот на Езерото од оној дел којшто најчесто се користи за капење.Вкупниот број на земени примероци езерска вода минимум изнесува 150 според Националната програма за јавно здравје на РМ.

**2.2. Планирани активности за контрола на езерската вода**

| квартал | теренски увиди | мостри од езерска вода |
|---|---|---|
| I | 8 | 25 |
| II | 12 | 50 |
| III | 12 | 50 |

| | | |
|---|---|---|
| IV | 8 | 25 |

На земените мостри во Центарот за јавно здравје - Охрид се вршат следните анализи:
- Основни бактериолошко – хемиски анализи и
- Анализа на присуство на тешки метали

**Перманентни активности**

Покрај горереспоменатите контроли се врши перманентна контрола од страна на комунална инспекција и ДСЗИ во текот на целата година на извори на загадување, септички јами прочистителни станици и сл.

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

**3. Правилно и навремено отстранување на цврстиот отпад и отпадните води**

Отстранување и прочистување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

Стопанисувањето со канализациската мрежа во општина Охрид го врши ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид. Стопанисувањето со канализациската мрежа опфаќа нејзино одржување (функционално и градежно), нејзино проширување како и прифаќање на нови корисници. Вкупната должина на денес постојната мрежа изнесува околу 155 км од кои:

- мешовита канализациска мрежа 41 км ;
- фекална канализациска мрежа 80 км и
- атмосферска канализациска мрежа 34 км.

Одржувањето на јавната чистота подразбира чистење, метење и миење на јавните сообраќајни површини, одржувањето на пешачките патеки, детските игралишта, кејови и други неуредени јавни површини, транспортирањето и депонирањето на собраниот смет се врши заради обезбедување на здрава и чиста средина.

Организираното собирање на комуналниот отпад го врши ЈП „Охридски комуналец“ – Охрид во рамките на работната единица „Комунална хигиена“ на подрачјето на градот Охрид, како и во 22 населени места. Собирањето на отпадот во 2018 година ќе се врши секојдневно во потесното градско подрачје, а во останатите делови од градот двапати неделно. Во текот на летната сезона во потесното градско подрачје собирањето на комуналниот отпад се врши четири пати во текот на денот.

Исто така ЈП „Охридски комуналец“ – Охрид врши собирање на ПЕТ – амбалажа, тврда пластика, стара хартија и стакло со цел намалување, повторна употреба и рециклирање на цврстиот отпад со примарна селекција која се врши на територијата на општина Охрид и претставува чекор напред во рационалното управување со цврстиот отпад и животната средина.

**3.2. Планирани активности**

За превентивно спречување на појава од заразни болести редовно ќе се врши одржување и темелно чистење на уличната (фекална) канализациска мрежа, ревизионите, приклучни и прекршни шахти, чистење на улични сливници и електро-машинско и механичко одржување на црпните станици.

Метење улици и празнење корпи за отпадоци:

- улици од прва категорија - секојдневно
- улици од втора категорија – двапати неделно и
- улици од трета категорија – еднаш неделно.

Миење улици:

- секој ден од 1 април до 31 октомври.

Одвод на смет :

- I категорија на улици – секојдневно, а во летниот период двапати во текот на денот и
- II категорија и III категорија на улици – двапати неделно.

Дезинфекција :

- Дезинфекција на контејнери - еднаш годишно и
- По потреба почеста дезинфекција на поголеми површини.

**Перманентни активности**

Редовно се врши чистење на уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.

Собирањето на сметот се врши перманенто согласно динамиката предвидена со Годишната програма за подигање на комуналниот отпад по денови и региони, а метењето на улиците се врши според категоризацијата на улиците.

Редовно се прават контроли од страна на комуналната инспекција.

**Вонредни активности**

Ќе се вршат околу 3.000 интервентни чистења на уличните сливници и ревизионите, приклучните и прекршочни шахти.

Ќе се вршат чистења на локации каде има појава на т.н.диви депонии.

Ќе се врши и контрола по пријави на граѓани.

**4. Обезбедување на хигиенско – технички услови во училишните и предучилишните установи**

За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на општина Охрид во тек на 2018 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во предучилишни установи, објекти за исхрана во училишни установи, објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи, објекти за исхрана сместени во училишни и студентски домови и објекти за исхрана на ученици кои престојуваат во објекти за одмор односно рекреација.

Планирањето и водењето на овие активности е во рамките на агенција за храна.

За проценка на здравствено-еколошкиот ризик од ширење на заразни заболувања во основните и средните училишта кои ги покрива ЈЗУ ЦЈЗ -Охрид , ќе се вршат санитарно – хигиенски увиди во селектирани училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните активности во Националната годишна програма за јавно здравство за 2018година. Со примена на Методологијата согласно посебно изработеното стручно-методолошко упатство од страна на Институтот за јавно здравје - Скопје. Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во општина Охрид како и на ниво на РМ, со предлог-мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на здравјето на училишната популација.

Локалната самоуправа ќе постапува по потреба констатирана од страна на надлежните инспекции.

**5. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини.**

Според Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09,149/14 и 150/15 ) треба да се обезбедат санитарно- технички и хигиенски услови како и спроведување превентивна дезинфекција на јавни објекти: училиштата и предучилишните установи, Студентскиот дом, социјалните установи, објекти за водоснабдување, пазарот, автобуските станици и другите јавни објекти, средствата за јавен сообраќај.

Во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на општина Охрид согласно Стручното мислење за спроведување превентивни мерки за заштита на населението од заразни болести од ЈЗУ Центарот за јавно здравје – Охрид и локалната самоуправа на Општина Охрид ќе спроведе превентивна дезинсекција и дератизација.

**Планирани активности**

Дезинсекција против комарци

Поволните природни услови и микроклиматски погодности обезбедуваат постојано присуство на бројни популации на комарци и други штетни инсекти во регионот на општина Охрид. Со цел редукција на комарците и нивно доведување на едно биолошко ниво, со што во голема мерка ќе се допринесе во подобрување и зачувување на здравјето на луѓето и обезбедување на здрава човекова околина неопходно е **примената на општи и специфични мерки :**

- Подигање на свеста на населението за здравствените ризици од комарците, крлежите и другите вектори преку едукација и информации, пропаганден материјал, информативни постери, флаери, летоци и нивна дистрибуција меѓу населението, соработка со медиумите со цел здравствена промоција .

**Рок:** во тек на годината

- Исушување на застојни води (бари) и отстранување на сите предмети каде што се задржува вода која претставува средина за множење на комарци и
- Отстранување на високи треви, средување на земјиштето каде што се кријат крлежите.

**Рок:** во тек на годината

- Евидентирање(мапирање ) на сите стоечки води, бари, канали, речни корита на територијата која ја покрива, при што ќе достави информација за севкупната површина и достапноста на потенцијалните места за размножување на комарците.

**Рок:** од јануари до март

- Ларвицидна дезинсекција.

**Рок:** од март до септември

- Адултицидна дезинсекција.

**Рок:** од мај до септември

Места кои треба да бидат третирани се: Охридското крајбрежје на потегот од с. Подмоље до комплексот Св. Наум , подножјето на планината Галичица - населбата „Билјанини извори“ и централното градско подрачје до улицата „Железничка“, Студенчишко блато и по потегот на реката Грашница и Коселска река.

Комбинацијата од ларвицидна и адултицидна дезинсекција е вистинско решение во даденото подрачје. Извршителот на дезинсекцијата ќе се утврди во постапка и на начин согласно Законот за јавни набавки.

**Дератизацијата** ќе се врши со поставување висечки мамци или статички парафински блокови во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање атмосферска вода. Вкупниот број на опфатени шахти изнесува 3000.

**Превентивната дератизација се спроведува двапати годишно** :

1. Пролетна дератизација (прв дел од дератизациониот процес) .

**Рок : од март до мај**

**2. Есенска дератизација** (втор дел од дератизациониот процес ) .

**Рок: од октомври до ноември**

**Двапати годишно** (пролет и есен) кога се очекува и најголема биолошка појава на штетни глодари треба да се третираат и други критични точки: јавни депонии и ѓубришта, околу семејни згради и куќи (во подрумски простории, шупи) за да не се наруши хигиено-епидемиолошката состојба во општина Охрид. Доколку постојат предуслови дератизација ќе се изведува и во селските населби.

**Превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението**

Со здравствено воспитување во 2018 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населението преку организирање собири, трибини и медиуми.

Ќе се одржат предавања на следниве тематски целини:

Хепатити
Инфективни ентероколити
Имунизација
Заштита на животната средина
Сексуално преносливи заболувања
ХИВ/СИДА
Микози
Здрава исхрана и
Физичката активност значаен фактор за правилен развој на децата .

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

Со влегување во сила на оваа Програма, престанува да важи Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населениото од заразни болести бр. 08-3415/52-1 од 14.03.2017 година.

**Број 08-3185/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во општина Охрид за 2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), а во врска член 32 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ“ бр 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016 и 142/2016), член 20-а и член 20-б од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во Општина Охрид за 2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 31.12.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2017 ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година.

**Член 2**
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ - ОПШТИНА ОХРИД ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2017 ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

Оелението за даноци во рамки на надлежностите на локалната самоуправа ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија и ја следи наплатата на даноците.

## ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година поднесени се **1045** даночни пријави за **данок на наследство и подарок** и формирани се исто толку предмети:

- За 1020 предмети изготвени се решенија;
- За 119 предмети изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за Општина Охрид по основа на издадени решенија по предмети од 2017 година изнесува 4.447.259,00 денари;

- За 901 предмет изготвени се решенија со даночно ослободување;
- 13 предмети се во процедура пред проценувачите на недвижен имот;
- 8 предмети се повлечени од процедура;
- 3 предмети се некомплетни и
- 1 предмет е пренасочен за данок на промет на недвижности.

Во буџетот на Општина Охрид за 2017 година по основа на данокот на наследство и подарок планирани се приходи во износ од 5.000.000,00 денари. Во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година по оваа основа остварени се приходи во износ од 5.085.607,00 денари или буџетот е реализиран 101,71 %. Од нив 3.757.693,00 денари се по предмети од 2017 година, а 1.327.914,00 денари се по предмети од претходните години.

Вкупното даночно задолжување за 2017 година по оваа основа изнесува 4.447.259,00 денари. Наплатата по предмети од данок на наследство и подарок од 2017 година изнесува 3.757.693,00 денари или процентуално наплатата изнесува 84,49 %, со состојба на 31.12.2017 год.

**ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

За периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година поднесени се **1134** даночни пријави за **данок на промет на недвижности** и формирани се исто толку предмети:

- За 1086 предмети изготвени се решенија;
- За 993 предмети изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за Општина Охрид по основа на издадени решенија по предмети од 2017 година е во износ од 79.368.630,00 денари;
- За 93 предмети изготвени се решенија со даночно ослободување;
- 22 предмети се во процедура пред проценувачите на недвижен имот;
- 22 предмети се повлечени од процедура;
- 1 предмет е пренасочен за данок на наследство и подарок и
- 3 предмети се некомплетни.

Од страна на даночните обврзници поведени се 3 управни спорови на решенија, чие решавање е во тек. Во буџетот на Општина Охрид за 2017 година по основа на данокот на промет на недвижности планирани се приходи во износ од 80.000.000,00 денари. Во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година по оваа основа остварени се приходи во износ од 83.667.740,00 денари или буџетот е реализиран 104,58 %. Од нив 74.990.177,00 денари се по предмети од 2017 година, а 8.677.563,00 денари се од предмети од претходните години.

Вкупното даночно задолжување за 2017 година по оваа основа изнесува 79.368.630,00 денари, а наплатено по предмети од данок на промет на недвижности од 2017 година е 74.990.177,00 денари или процентуално наплатата изнесува 94,48 %, со состојба на 31.12.2017 год.

**ДАНОК НА ИМОТ**

За периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година обработени се **3.165** даночни пријави за данок на имот од кои 75 даночни пријави се од страна на даночните обврзници и 3.090 по службена должност, **1905** даночни одјави за данок на имот и **739** пријави за промена на имот и истите се целосно обработени.

За 2017 година изготвени се **28.774** решенија за данок на имот од редовен облог и тоа: **28.164** решенија за данок на имот на физички лица, **610** решенија за данок на имот на правни лица и **276** решенија за припис за 2017 година.

Вкупното задолжување по основа на донесени решенија за 2017 година изнесува 83.592.928,00 денари (редовен облог за физички лица 60.841.620,00 денари + редовен облог за правни лица 22.223.416,00 денари + припис 527.892,00 денари).

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година изготвени се 490 решенија за данок на имот по припис за период 2013-2017 година, по службена должност, со задолжение во износ 3.034,614,00 денари.

Доставени се на даночните обврзници вкупно 24.321 решение, односно 83,72 %.
Во буџетот на Општина Охрид за 2017 година по основа на данок на имот планирани се приходи во износ од 69.000.000,00 денари ( 47.000.000,00 денари од физички лица и 22.000.000,00 денари од правни лица ). Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година остварени се приходи во износ од 67.683.916,00 денари ( 49.772.814,00 денари од физички лица и 17.911.102,00 денари од правни лица) или буџетот е реализиран 98,09 %.
Од страна на даночните обврзници поведени се 21 управен спор до Управен суд Скопје, коишто се во постапка. Исто така поднесени се 128 други барања по различни основи во врска со данокот на имот и истите се обработени.

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година изготвени се 4.054 опомени за неплатен долг по основа на данок на имот на физички лица во постапка на присилна наплата , 176 опомени за неплатен долг по основа на данок на имот на правни лица како и 85 опомени за неплатен долг по основа на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок. Во истиот период изготвени се и 1399 решенија за присилна наплата на данок на имот и 7 решенија за присилна наплата на данок на промет и данок на наследство и подарок. Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 изготвени се и 17 заклучоци за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата.

**ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО**

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 книжени се 245 изводи со 25 670 ставки, 341 задолжение по решенија за данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок изготвени во *word*, 488 приписи за данок на имот и 161 книговодствено спроведување на решенија за пренасочување на парични средства.
Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година за потребите на даночното книговодство и присилната наплата извршено е книговодствено затворање на 9 962 ставки.

**ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА**

За периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година поднесени се вкупно **63** барања од кои:
- 10 барања за даночни (не) обврзници на недвижен имот за комплетирање документи за аплицирање за социјални станови, социјална помош и закупнина;
- 7 барања за даночни (не) обврзници на недвижен имот за пред судски органи и МВР;
- 15 барања за комплетирање документи за виза за странство;
- 7 барања за сместување во студентски дом, стипендија и постдипломски студии;
- 4 барања од институции, органи и физички лица за утврдување пазарна вредност на недвижен имот;
- 2 барања од УЈП за доставување податоци за даночни обврзници ;
- 6 барања од други општини за проценка на пазарна вредност на недвижен имот на територијата на општина Охрид;
- 5 барања за учество на тендер и
- 7 барања по други основи.

Сите поднесени барања се обработени и на истите се доставени одговори.
Во истиот период донесени се и **161** решение за пренасочување на погрешно уплатени средства како и **20** решенија за поврат на паричен износ.
Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година извршено е вреднување на 107 станови и 16 гаражи од 6 нови згради на подрачјето на општина Охрид. Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година извршено е вреднување и ревреднување на 1148 индивидуални станбени згради (куќи), 742 станови, 382 гаражи, 340 помошни објекти, 148 деловни простори, 13 хотели, 11 административни згради и простори, 28 деловни згради ( производствени згради, магацини, хали и стоваришта) , 16 ресторани, 2 згради за одмор и рекреација ( вили) со 28 апартмани и 57 апартмани (поединечни) . За потребите од вреднувањето и ревреднувањето изготвени се **2410** извештаи за проценка на недвижен имот на територијата на општина Охрид

од кои 350 извештаи се однесуваат исклучително на земјиште ( дворно место, градежно изградено и неизградено земјиште и земјоделско земјиште).

**ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2017 ВО ОДНОС НА 2016 ГОДИНА**

Во периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година од данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности и данокот на имот остварени се вкупно 156.437.263,00 денари. Во буџетот по овие основи предвидени се приходи во износ од 154.000.000,00 денари, односно буџетот е остварен 101,58 %.

Во 2017 година остварените приходи по основа на даноци изнесуваат 156.437.263,00 денари и се за 18.453.856,00 денари помалку од 2016 година кога изнесувале 174.891.119,00 денари.

- Кај данокот на наследство и подарок има намалување за 280.107,00 денари ;
- Кај данокот на промет на недвижности има намалување за 14.653.447,00 денари;
- Кај данокот на имот на физички лица има намалување за 253.954,00 денари и
- Кај данокот на имот на правни лица има намалување за 3.266.348,00 денари.

Причините за помалку остварените приходи во најголем дел произлегуваат од намалениот број купопродажби ( 138 даночни пријави за данок на промет на недвижности и 121 даночна пријава за данок на наследство помалку од 2016 година).

**Број 08-3185/7-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2017 ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работа на Одделението за култура за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2017 ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Одделението за култура за периодот од 01.01.2017 до 31.12.2017 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/8**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КУЛТУРА**
**за период од 01.01.2017 до 31.12.2017 година**

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значјани годишнини и јубилеи, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата , средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во текот на 2017 година ги реализира следните позначајни работни активности :

- Во соработка со Македонската православна црква, Детската градинка „Јасна Ристеска“, основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани , беше реализирана верската манифестација **„ Бадникова литија“.**

- Со логистичка поддршка на Општина Охрид и општинските јавни претпријатија беа помогнати урбаните и месните заедници во организациските подготовки за продолжување на долговековната православна традиција за дочек на **Стара нова година - Василица.**

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица по 19-ти пат во с Куратица се одржа традиционалниот **Василичарски карневал.**

- Под целосно покротвителство на Општина Охрид се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **‚Богојавление – Водици“;**

- Финансиска и логистичка поддршка на богатата културно - уметничката програма по повод - **Денот на рибарите.**

- Во соработка со НУ Центар за култура „ Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ „ Григор Прличев“ успешно беа организирани годинешнит **„ Прличеви беседи“.** Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување на охридскиот книжевен великан –Григор Прличев. Во родната куќа на ловороносецот, великиот Григор Прличев, се одржа манифестацијата„Стихови и звуци за Прличев“, на која беше промовирано

адаптираното издание на Прличевата автобиографија од Славе Ѓорго Димоски и беа доделни пофалниците за првонаградените на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“

- Во соработка со Историски архив – Охрид и членовите од историските секции при основните училишта одбележана е **109 - годишнината од смртта на охридскиот гемиџија Марко Бошњаков.**

- Финансиска поддршка на Здружението на жени „ Бисера“ во одбележувањето на **8-ми Март – Денот на жената.**

- Со креативна работилница во ОУ Христо Узунов, а во соработка со ЗГ „Центар за климатски промени“ на 20.03.2017 г., се одбележа **„Часот на планетата Земја“.**

- Во соработка со ОУ “Христо Узунов” и МЗ Цер, Општина Охрид со низа активности ја одбележа **112 – годишнината од смртта на Христо Узунов.**

- Во соработка со ОМУ “Методи Патче”, со богата културно – уметничка програма, Општина Охрид го одбележа **Јубилејот : 115 години од смртта на Методи Патче.**

- Со пригодна свеченост во селото Ливоишта беше откриена спомен – плочата посветена на Благојче Крстаноски, професионален војник, кој го загуби животот на 8 април 1999 година на караулата Блаце. Спомен обележјето го постави Организацијата на резервни офицери во Република Македонија со поддршка на Општина Охрид.

- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на Здружението на музичари и изведувачи од Охрид, во НУ Центар за култура „ Григор Прличев“ се одржа деветнаесетиот по ред детски фестивал **„ Распеано рибарче“.**

- Во организација на Општина Охрид и КУД Ѓердан во чест на големиот христијански празник Велигден на градскиот плоштад се одржа **традиционалниот Велигденски концерт.**

- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на охридската рок – група The backdoor band на 1-ви Мај се одржа првото издание на **рок фестивалот „ Truck’n roll “.**

- Во соработка со детската градинка „Јасна Ристеска“, основните и средните училишта, во просториите на НУ Центар за култура “Григор Прличев“ се одбележа – **9-ти Мај – Денот на победата над фашизмот и Денот на ЕУ**.

- Во организаија на Општина Охрид и Амбасадата на Руската федерација во Република Македонија, во изложбениот салон на НУ Центар за култура „ Григор Прличев“ се одржа изложба на фотографии со мотиви од Втората светска војна. На изложбата присуствуваше Почесниот конзуло на Руската федерација во Република Македонија, г-дин Велимир Стојкоски како и првиот секретар на Руската амбасада во нашата земја.

- Со низа културни обележја, низ претставување на танци, народни кујни и други културни знаменитости од повеќе држави во Светот, на градскиот плоштад „ Свети Климент Охридски“, се одбележа **20 Мај – Денот на културната разноликост.** Овој културен настан го организира Факултетот за информатички технологии „ Свети Апостол Павле“, во соработка со Општина Охрид.

- Со доделување на награди на најдобрите ученици кои постигнале значајни резултати на државни и регионални натпревари од основните и средните училишта, од страна на градоначалникот на Општина Охрид, се одбележа **24 Мај – Денот на есловенските просветители, Свети Кирил и Методиј.**

- Под покровителство на Општина Охрид, во просториите на големата сала, во периодот од 18 – 21 Јуни се одржа традиционалниот мегународен фестивал на млади музичари **„Охридски бисери“.**На фестивалот зедоа учество над 200 млади музичари од целиот свет.

- Во соработка со Здружението на граѓани „ТЕМОВ ФШТ“, под покровителство на Општина Охрид се одржа четвртото издание на **Меѓународниот фестивал на улична уметност -„Баскерфест”.**

- Со логистичка поддршка на Општина Охрид, а под покровителство на Претседателот на Собранието на Република Македонија, се одржа 56-то издание на најстарата музичко – сценска фолклорна манифестација **„Балкански фестивал на народни песни и игри.**

- Со финсиска и логистичка поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани „Поетска ноќ во Велестово“ се одржа дваесет и деветтото издание на културната манифестација **„Поетска ноќ во Велестово“.**

Годинешното издание на овој фестивал беше посветено на поетот Ристо Василевски.

И оваа година манифестацијата воведе нови содржини :

-изложба на академскиот сликар Емил Шулајковски,

-промоција на книгата “ 16 бугарски поети “ со настап на гостите од Бугарија : Владимир Левчев, Аксинија Михајлова, Роман Кисјов, Ани Илков и Поли Муканова;

- промоција на проект – книга “ Извештаи на Рисот “ од Славе Ѓорго Димоски и Сергеј Андреевски;

- промоција на делата “Доилката” од Лилјана Пандева и “Задачите се зададени” од Зоран Јакимоски;

- џез концерт на бендот “Караванија”

- Финансиска и логистичка поддршка на **57-то издание на светски реномираниот меѓународен фестивал “Охридско лето”.**

- Под покровителство на Општина Охрид, а во организација на здружението “За Трпејца со љубов”, во периодот од 20-ти до 28- ми Јули, се одржа културно–забавната манифестација **„На зајдисонце во Трпејца“.**

- Оваа година илјадници гости од земјава и странство беа сведоци на спектакуларните настани во рамките на второто издание на **„Ohrid calling“** во организација на Општина Охрид и Авалон Продукција.
    - 1- ви август – настап на еден од најпознатите светски музички артисти на денешницата, суперпопуларниот диџеј АФРОЏЕК (Afrojack), заедно со младиот и талентиран диџеј Равитез( Ravitez);
    - 2 - ри август - настап на еден од најдобрите диџеи во Светот – Хардвел ( Hardwell );
    - 4 - ти август – концерт на легендарниот бенд на екс – ју бенд ” Бело Дугме” (Bljelo Dugme).

- Со пригодна културно – уметничка програма и полагање свежо цвеќе пред спомен - обележјето во градскиот парк беше одбележан **2-ри Август – Денот на Републиката.**

- Со целосна финансиска поддршка на Општина Охрид беше одбележан **Јубилејот : 30 години од смртта на Живко Чинго** и беше доделена наградата **“Живко Чинго”** за најдобар кус расказ.

- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението на граѓани „Охридски хор“ и оваа година успешно беше реализирано јубилејното 10-то издание на **Меѓународниот охридски хорски фестивал.**

- Со поддршка на Општина Охрид, а во организација на Здружението „Охрид фест“ на летната сцена Долни Сарај, се одржа 24-тото издание на **Интернационалниот музички фестивал Охридски трубадурии 2017.**

- Во организација на Општина Охрид и ОО на Сојуз на борци на Охрид и Дебарца, основните училишта и најмладите од детската градинка „Јасна Ристеска“ со

хепенинг и пораки за мир беше одбележан **21-ви Септември – Меѓународниот ден на мирот.**

- Во организација на НУ Центар за култура „ Григор Прличев“ а со поддршка на Општина Охрид се одржаа **29-те по ред Охридски староградски средби.**

- Во организација на Општина Охрид, а во соработка со основните и средните училишта и НУ Завод и музеј –Охрид се одбележа **годишнината од смртта на Цар Самоил.**

- На достоен начин со пригодна свеченост, во големата сала на Општина Охрид беше одбележан **11 Октомври – Денот на народното востание.**

- **Свечено одбележан 23 Октомври –Денот на македонската револуционерна борба**

- Со импозантна Свечена академија во Дијамантската сала во хотелот Инекс – Горица **одбележен е 8 – Декември – Свети Климент Охридски – Патрон на Охрид.**

- На 20-ти Декември, за првпат, започна реализацијата на **мулти – медијалниот културен проект "Од 20-ти до 20-ти сите во Охрид".**

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини на Одделението за култура реализирани во периодот од 01.01 до 31.12.2017 година, од Програмата **К4** потрошени се вкупно **6.122 831 ,оо денари,** од кои :

- **867 603, оо** денари се исплатени финансиски средства за реализација на десетдневната предновогодишна програма и главниот дочек на новата 2017 година.

- **50.000,оо** денари за реализација на верската манифестација „ **Бадникова поворка за навестување на Христовото раѓање.**

- **87.692 , оо** денари се исплатени за реализација на активностите по повод празникот Св. Василиј и тоа : 40.000, оо денари за традиционалниот Василичарски карневал во с. Куратица и 47. 692, оо денари за набавка на огревно дрво за василичарските огнови во месните заедници.

- **500.000**,оо денари за одржување на најголемата верска манифестација **„Богојавление – Водици“**

- **25.000,оо** денари за издавање на адаптираното издание на Прличевата Автобиографија од охридскиот писател Славе Ѓорго Димоски, во рамките на манифестацијата **„ Прличеви беседи“;**

- **45.000, оо** денари за снимање на филмот **„ Дедо и внук“** од охридскиот режисер Илија Пиперскоски;

- **30.000, оо** денари за одржување на фестивалот **„ Распеано рибарче“.**
- **270 000,оо** денари за фестивалот “Охридско лето”;
- **60 000, оо** денари за одржување на фестивалот Охрид фест – Охридски трубадурии;
- **49 038,оо** денари за одржување на културната манфестација “Вечер на Живко Чинго “ (32 895 ден се ислатени на добитникот на наградата Живко Чинго за надобар расказ;13 890 ден се исплатени на жири - комисијата за избор на најдобриот расказ и 2 253 ден се исплатени на беседникот) ;
- **50 000,оо** денари за поддршка на Меѓународниот охридски хорски фестивал;
- **250 000,оо** денари за поддршка на манифестацијата ”Ohrid calling”;
- **70 000, оо** денари за настап на реномираниот македонски женски хор “Света Злата Мегленска” на свечената академија по повод 8-Декември.
- **285.000,оо** денари за трансфери кон здруженија на граѓани и поединци од областа на културата;
- **411 820, оо** денари за изработка на Основен проект за реконструкција на Домот за култура во с. Велгошти;
- **2.921 666,оо** денари за реконструкција на Домот за култура во Велгошти
- **150.051,оо** денари за техничка опрема (озвучување) за реализација на програмскитте активности на Одделението за култура.

**Број 08-3185/8-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/9**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2017 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/9**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИ**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2017 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на 23.12.2016 година донесе Програма за работа на Советот за 2017 година,според која активностите на Советот за 2017 година се планирани во четири тримесечија и тоа:

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јануари, февруари и март) ;
**ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (април, мај и јуни) ;
**ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (јули, август и септември) и
**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** (октомври, ноември и декември).

**ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ**

**Шеесет и седмата седница се одржа на 25.01.2017 година. За работа на оваа седница беа предложени 60 точки на дневен ред. Советот усвои 57 (педесет и седум) одлуки.**

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред беа предложени 52 (педесет и две) точки и сите беа усвоени.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред беа предложени 3 (три) точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

Комисија за урбанизам - На дневен ред беа предложени 52 (педесет и две) точки. Бидејќи немаше кворум, седницата на Комисијата за урбанизам не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – На дневен ред беа предложени 3 (три) точки. Членовите на Комисијата усвоија две предлог-одлуки, а за една предлог- одлука не заседоа став.

Комисија за верификација, избори и именување - На дневен ред беа предложени 5 (пет) точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Шеесет и осмата седница се одржа на ден 28.02.2017 година и за истата седница беа предложени 48 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со уште една точка. Советот усвои вкупно 48 (четириесет и осум ) одлуки, а 1 (една) информација не беше усвоена.**

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред беа предложени 44 (четириесет и четири) точки. Бидејќи немаше кворум, седницата на Комисијата за заштита на животна средина не се одржа.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред беа предложени 2 (две) точки. Членовите на Комисијата усвоија 1(една) предлог-одлука, а за една предлог-одлука не заседоа став бидејќи немаше претставник за материјалот.

Комисија за урбанизам – На дневен ред беа предложени 44 (четириесет и четири) точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за урбанизам не се одржа.

Комисија за финансии и буџет - На дневен ред беа предложени 3 (три) точки. Членовите на Комисијата усвоија 2 (две) предлог-одлуки, а за една предлог -одлука не заседоа став.

Комисија за туризам и локален економски развој – На дневен ред беше предложена една точка и истата беше усвоена.

**Шеесет и деветтата седница се одржа на 14.03.2017 година. За работата на оваа седница беа предложени 54 (педесет и четири) точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со уште 1 (една) предлог - одлука. Советот усвои 55 (педесет и пет) одлуки**.

Комисија за млади и спорт – На дневен ред беа предложени 4 (четири) точки, коишто не беа усвоени.

Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените – На дневен ред беа предложени 2 (две) точки, но бидејќи немаше кворум седница на Комисијата не се одржа.

Комисија за заштита на животна средина – На дневен ред беа предложени 10 (десет) точки,а беа усвоени 3(три) предлог -одлуки.

Комисија за јавни и комунални дејности – На дневен ред беа предложени 22 (дваесет и две) точки. Членовите на Комисијата усвоија 4 (четири) предлог-одлуки.

Комисија за туризам и локален економски развој - На дневен ред беа предложени 2 (две) точки и истите беа усвоени.

Комисија за општествени дејности – На дневен ред беа предложени 21 (дваесет и една) точка. Членовите на Комисијата усвоија 17 (седумнаесет) предлог- одлуки.

Комисија за урбанизам - На дневен ред беа предложени 4 (четири) точки. Членовите на Комисијата усвоија само една предлог - одлука.

Комисија за финансии и буџет – На дневен ред беа предложени 44 (четириесет и четири) точки. Членовите на Комисијата усвоија 41(четириесет и една) предлог-одлука, а 3(три) предлог-одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше претставници за материјалите.

**ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ**

**Седумдесеттата седница се одржа на 27.04.2017 година. За работата на оваа седница беа предложени 54 (педесет и четири) точки на дневен ред и тоа: 53 (педесет и три) предлог-одлуки и 1(еден) предлог -заклучок. Дневниот ред беше дополнет со 4 (четири) предлог-одлуки. Советот усвои 57 (педесет и седум) одлуки и 1(еден) заклучок.**

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 46 точки, а потоа дневниот ред беше дополнет со 4 точки. Членовите на Комисијата усвоија 46 точки, а 4 точки не беа усвоени.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 3 (три) точки и истите беа усвоени.

**Комисија за млади и спорт** – На дневен ред беа предложени 4(четири) точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа предложени 46 точки, а потоа дневниот ред беше дополнет со уште 4 (четири) точки. Членовите на Комисијата усвоија усвоија 50 точки.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 6(шест) точки. Членовите на Комисијата за финансии усвоија 4(четири) предлог-одлуки, а за две не расправаа.

**Седумдесет и првата седница се одржа на 19.06.2017 година. За работата на оваа седница беа предложени 37 (триесет и седум) предлог-одлуки. Дневниот ред беше дополнет со 2 (две) предлог-одлуки. Советот усвои 37 (триесет и седум) одлуки, а 2 (две) предлог - одлуки не беа усвоени.**

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 16 (шеснаесет) точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 13(тринаесет) точки. Членовите на Комисијата усвоија 12 (дванаесет) предлог- одлуки, а за една не расправаа бидејќи немаше претставник.

**Комисија за млади и спорт** – На дневен ред беа предложени 4(четири) точки. Седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа предложени 46(четириесет и шест) точки. Бидејќи немаше кворум, не се одржа седница на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 25 точки. Членовите на Комисијата усвоија 20 (дваесет) предлог-одлуки, а за 5(пет) предлог- одлуки немаше расправа бидејќи немаше претставник.

**Комисија за верификација, избори и именување -** Бидејќи немаше кворум, не се одржа седница на Комисијата.

**Комисија за општествени дејности** - Со оглед на тоа што немаше кворум, седница на Комисијата за општествени дејности не се одржа.

**Комисија за туризам и ЛЕР** - Бидејќи немаше кворум, не се одржа седница на Комисијата.

**ТРЕТО ТРОМЕСЕЧЈЕ**

**Седумдесет и втората седница на Советот се одржа на 18.07.2017 година. Беа предложени 21(дваесет и една) точка на дневен ред. Советот усвои 21(дваесет и една) одлука.**

**Комисија за верификација, избори и именувања** – За седницата на комисијата беше предложена една точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на комисијата не се одржа.

**Комисија за заштита на животна средина** - Беа предложени 16 (шеснаесет) точки на дневен ред, но бидејѓи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред на комисијата беше предложена 1 точка и истата беше усвоена.

**Комисија за туризам и локален економски развој** – Беше предложена 1 точка на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Седумдесет и третата седница на Советот се одржа на 18.08.2017 година. Беше предложена 41(четириесет и една) точка на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со**

**3(три) Предлог Одлуки и 1(еден) Предлог Заклучок. Советот усвои 43(четириесет и три) Одлуки и 1(еден) Заклучок, а 1(една) Предлог Одлука не беше усвоена.**

**Комисија за заштита на животна средина -** Беа предложени 5 точки на дневен ред, но бидејѓи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа**.**

**Комисија за јавни и комунални дејности –** На дневен ред на комисијата беа предложени 10 точки. Членовите на комисијата усвоија само 1 точка од дневен ред, а 9 точки не беа усвоени.

**Комисија за млади и спорт -** Беше предложена 1 точка на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум**.**

**Комисија за општествени дејности** – На дневен ред беа предложени 17 точки **но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.**

**Комисија за туризам и локален економски развој –** Беа предложени 2 точки на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа предложени 4(четири) точки. Бидејќи немаше кворум, не се одржа седница на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет –** Беа предложени 24 (дваесет и четири) точки на дневен ред. Дневниот ред на Комисијата беше дополнет со 3 точки. Членовите на Комисијата усвоија 24(дваесет и четири) точки, а 3 (три) точки не се разгледуваа бидејќи немаше претставниците по материјалите.

**Седумдесет и четвртата седница се одржа на 12.09.2017 година. Беа предложени 6 (шест) точки на дневен ред – 1(еден) предлог - заклучок и 5 (пет) предлог - одлуки. Дневниот ред беше дополнет со 2 (две) предлог - одлуки. Советот усвои 1 (еден) заклучок и 7(седум) одлуки.**

**Комисија за заштита на животна средина -** Беа предложени 2(две) точки на дневен ред, но бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа**.**

**Комисија за општествени дејности** – На дневен ред беа предложени 17 (седумнаест) точки, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа предложени 4 (четири) точки. Бидејќи немаше кворум, не се одржа седница на Комисијата.

**Седумдесет и петтата седница се одржа на 29.09.2017 година. За работа на оваа седница беа предложени 42 (четириесет и две) точки. Дневниот ред беше дополнет со 1(една) предлог-одлука. Советот усвои 43 (четириесет и три) одлуки.**

**Комисија за заштита на животна средина -** Беа предложени 3(три) точки на дневен ред, но бидејѓи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа**.**

**Комисија за јавни и комунални дејности –** На дневен ред на Комисијата беа предложени 8 точки. Членовите на комисијата усвоија 7(седум) точки од дневен ред, а 1(една) точка не беше усвоена.

**Комисија** за општествени дејности – На дневен ред на комисијата беа предложени 30 (триесет) точки. Членовите на Комисијата усвоија 6 (шест) точки, 10 (десет) точки беа неусвоени, а 14(четиринаесет) точки не се разгледуваа бидејќи немаше претставници по материјалите.

**Комисија за туризам и локален економски развој –** Беше предложена 1 (една)точка на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за урбанизам** – На дневен ред беа предложени 2(две) точки. Бидејќи немаше кворум, не се одржа седница на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет –** Беа предложени 26 (дваест и шест) точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 24(дваесет и четири) точки, а 2 (две)точки не беа усвоени.

**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ**

**Седумдесет и шестата седница се одржа на 03.10.2017 година. На дневен ред беа предложени 2 (две) точки : 1(една) предлог-одлука и 1 (еден) предлог- заклучок. Советот усвои 1 (една) одлука и 1 (еден) заклучок.**

**Советот на општина Охрид во периодот од 01.01.2017 до 15.10.2017 година одржа 10 редовни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 365 (триста шеесет и пет) точки. Дополнување на дневниот ред е извршено со вкупно 15 (петнаест) точки на 7 седници.**

**Советот во овој период усвои вкупно 369 (триста шеесет и девет) одлуки 3 (три) решенија и 4 (четири) заклучоци.**

**Советот не усвои 1(една) информација и 3 (три) предлог - одлуки**

**На 15.10.2017 година беа одржани локалните избори и беше избран новиот состав на Советот на општина Охрид.**

**Првата седница се одржа на ден 01.11.2017 година. За работа на оваа седница беа предложени 2 (две) точки и двете беа усвоени. Во однос на првата точка беше извршен избор на Комисија за верификација, избори и именувања, а во однос на втората точка беше извршена верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Охрид**

**Втората седница се одржа на ден 13.11.2017 година и за истата седница беа предложени 13 (тринаесет) точки на дневен ред со дополнување на уште 1(една) точка. На втората седница беше избран претседател на Советот на општина Охрид. Советот усвои 11 (единаесет) решенија и 2(две) одлуки**.

**Третата седница се одржа на 05.12.2017 година. За работа на оваа седница беа предложени 27 (дваесет и седум) точки, а дневниот ред беше дополнет со уште 2(две) точки. Советот усвои 29 (дваесет и девет) одлуки.**

**Комисија за заштита на животна средина** - Беа предложени 8 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред на Комисијата беа предложени 13 (тринаесет) точки и истите беа усвоени.

**Комисија за млади и спорт** - На дневен ред на Комисијата беше предложена 1(една) точка и истата беше усвоена.

**Комисија за општествени дејности** – На дневен ред на Комисијата беа предложени 4(четири) точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за туризам и локален економски развој** – Беа предложени 2(две) точки на дневен ред, но двете точки не беа усвоени.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 3 (три) точки на дневен ред, Членовите на Комисијата усвоија 2 (две)точки, а 1(една) точка не беше усвоена.

**Комисија за финансии и буџет** - На дневен ред на Комисијата беа предложени 23(дваесет и три) точки и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Четвртата седница се одржа на 21.12.2017 година. За работа на 4-та седница беа предложени 19 (деветнаесет) точки. Советот усвои 19 (деветнаесет) Одлуки.**

**Комисија за верификација, избори и именувања** – За седницата на комисијата беа предложени 18 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет -** На дневен ред на комисијата беше предложена 1 точка и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Петтата седница се одржа на 29.12.2017 година. За работа на 5-та седница беа предложени 39(триесет и девет) Предлог Одлуки и 1 (еден) Буџет. Дневниот ред беше дополнет со 3(три) Предлог Одлуки. На седницата беа усвоени 42 (четириесет и две) Одлуки и 1 (еден) Буџет.**

**Комисија за млади и спорт** – На дневен ред беа предложени 3 точки, но бидејќи немаше кворум седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените** – На дневен ред беа предложени 2 (две) точки, но бидејќи немаше кворум седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за заштита на животна средина** – На дневен ред беа предложени 7 (седум) точки, и истите беа усвоени.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – На дневен ред беа предложени 21 точка. Членовите на Комисијата усвоија 21 Предлог Одлука.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - На дневен ред беа предложени 3 точки, но бидејќи немаше кворум седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности** – На дневен ред беа предложени 6 точки. Членовите на Комисијата усвоија 5 Предлог Одлуки, а една не се разгледуваше бидејќи немаше претставник.

**Комисија за урбанизам** - На дневен ред беа предложени 3 точки. Бидејќи немаше кворум седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за финансии и буџет** – На дневен ред беа предложени 39 точки. Дневниот ред беше дополнет со уште една точка. Членовите на Комисијата усвоија 40 Предлог Одлуки.

**Во периодот од 01.11.2017 година до 31.12.2017 година, новиот состав ма Советот на општина Охрид одржа 5 редовни седници.**

**За работа на сите седници беа предложени вкупно 101 точка. Дополнување на дневниот ред е извршено со вкупно 6 точки на 3 седници.**

**Советот во овој период усвои вкупно 92 (деведесет и две), Одлуки 11 (единаесет) Решенија и 1 (еден) Буџет.**

## И З В Е Ш Т А Ј
## За реализираните расходи од буџетот на Општина Охрид, програма А0-Совет на Општина Охрид за периодот од 01.01 до 31.12.2017 година

Согласно воспоставената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот и програмата - Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на овај орган, во рамките на буџетот на Општина Охрид за 2017 година, за програмата А0 - Совет на општина Охрид, одобрени се средства во висина од 22.800.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 17.226.356,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајни зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупно реализираните расходи во буџетската 2017 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 3.977.271,оо денари и 660.696,оо ден.персонален данок.

Како помош за настанати штети од пожари и други елементарни непогоди како и други непредвидени трошоци од контото за тековна резерва исплатени се вкупно 880.694,оо денари по заклучоци и одлуки донесени во анализираниот период.

Општина Охрид, преку Советот како нејзин орган со посебна Одлука за лицата приматели на социјална помош и други ранливи категории на граѓани кои исполнуваат одредени критериуми субвенционира дел од нивните комунални трошоци. По оваа основа во опфатениот период исплатени се 1.171.429,оо денари кон јавните комунални претпријатија.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите. Ценејќи го нивниот талент, знаење и труд како и нивната улога во натамошниот развој на општеството, Општината по пат на јавен оглас доделува стипендии со цел нивни поттик за достигнување на што поголеми успеси. Опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2016-2017 година од одобрените средства со буџетот за 2017 за стипендии исплатени се 1.388.500,оо денари.

Постапувајќи во насока на поддржување и помагање на граѓаните и институциите на Охрид, од програмата на Советот на општина Охрид, трансферирани се средства до бројни здруженија на граѓани, фондации и хуманитарни организации, во висина од 1.419.455,оо денари. Во врска со одржаните локални избори согласно Изборниот законик во буџетската 2017 година исплатени се средства во износ од 938.010,оо денари од контото Трансфери до политички партии. По заклучоци од соодветни комисии кои се во состав на Советот на општината, од контото други трансфери, кон повеќе правни и физички лица исплатени се средства во висина од 1.012.600,оо денари по основа финансирање на проекти од јавен интерес за општина Охрид. Од истото конто, согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница -Охрид, за прво и второ родено дете исплатени се 1.775.000,оо денари. Од контото други трансфери како позначајни исплати исто така треба да се споменат и исплатите во вкупен износ од 2.100.000,оо ден. согласно Одлуката на Совет за организација на концертите на музичките ѕвезди *Afrojack i Hardwell* на терените на СРЦ „Билјанини извори“.

Општина Охрид членува во повеќе меѓународни и домашни организации, а се со цел афирмација и промоција на градот, поради што се наметнува обврска за плаќање членарини кон тие организации, па така по оваа основа исплатени се вкупно 1.305.940,оо денари, од кои 445.992,оо се исплатени кон ЗЕЛС, членарина за 2017 година, додека остатокот од исплатениот износ 859.948,оо ден. се однесува по спогодба со Југозападниот плански регион за исплата на долг од претходни години.

Од вкупно планираните трошоци за своето работење, Советот на општина Охрид за периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година, буџетот предвиден за сопственото работење го има реализирано со 75,55%.

**Број 08-3185/9-1**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај и завршна сметка на буџетот на единицата на локалната самоуправа Општина Охрид за 2017 година и Извештајот

за годишниот попис за 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај и Завршната сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа Општина Охрид за 2017 година и Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Охрид со состојба на 31.12.2017 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

**ЗАВРШНА СМЕТКА**
**НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2017 ГОДИНА**

Врз основа на член 34, точка 2, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Советот на општина Охрид на ден 14.03.2018 година го донесе следниот:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За реализираните приходи и извршените трошоци
на буџетот на Општина Охрид за 2017 год.

## I *БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД*

Процесот на буџетирање како една од најважните активности во локалната самоуправа по истекот на буџетската односно фискалната година се заокружува со изготвување на завршна сметка, која претставува приказ на сите активности на локалната самоуправа, реализирани

програми, сите завршени односно реализирани проекти и служи за отчет пред граѓаните за успешноста во реализацијата на планираните буџетски активности и програми, односно успешност во остварувањето на нивните барања и потреби. Стручната служба односно градоначалникот за успешноста во работењето за изминатата буџетска година до Советот на општината поднесува завршна сметка на разгледување и усвојување. Завршната сметка на буџетите се донесува согласно позитивните законски прописи. Во процедурата на донесување на годишната сметка, градоначалникот ја доставува до Советот најдоцна до 28 февруари, а Советот ја донесува завршната сметка (за претходната година) најдоцна до 15 март во тековната година. По донесувањето на завршната сметка, истата во пропишана форма се доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година.

Формата и содржината на завршната сметка е дадена, односно пропишана од страна на Министерството за финансии. Завршната сметка во својата форма ги содржи истите податоци како и оние кои ги содржи буџетот, со таа разлика што буџетот ги прикажува планираните приходи и расходи за буџетската година, додека завршната сметка дава слика за реализацијата на приходната односно расходната страна. Податоците во завршната сметка ставени во корелација со податоците дадени односно планирани во буџетот даваат слика за успешноста во планирањето на буџетот односно успешноста во работењето и се приказ на моменталниот капацитет на Општината во извршувањето на своите законски права и обврски и решавањето на проблемите на граѓаните. Општина Охрид поаѓајќи од проектираните потреби на граѓаните и буџетските корисници а согласно донесениот буџетски календар за активностите за донесување на буџетот и насоките од Министерството за финансии на ден 23.12.2016 година со Одлука бр.08-19222/29 го донесе буџетот на Општината за 2017 година како единствен развоен документ. При неговото изготвување беше користена стандардната процедура согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја како и мислењата и потребите на граѓаните сондирано преку одржаните јавни расправи, средби со граѓани, урбани заедници и сл.

Во согласност со насоките на буџетскиот циркулар и направените анализи, буџетот на Општина Охрид за 2017 година беше проектиран на износ од **1.113.104.237,оо денари**. Согласно Одлуката за измена на распоредот на средствата во буџетот на Општина Охрид за 2017 год. бр.08-5611/8 од 27.04.2017 год. извршена е прераспределба на средства во буџетот односно пренамена на средства од едно конто на друго и од една програма на друга, односно извршена е реалокација на средства од едни позиции на други согласно приоритетите за извршување на одредени активности. Висината на буџетот со оваа Одлука остана непроменет. Во месец јуни повторно е донесена Одлука за измена на распоредот на средства во буџетот на Општината-пренамена бр. 08-7600/23 од 19.06.2017 год. во делот на буџетските средства, каде се врши реалокација на средства од едно конто на друго и помеѓу една програма и друга, а нивото на вкупниот буџет останува непроменето. Во исто време донесена е и Одлука за проширување на средства бр.08-7600/26 од 19.06.2017 год. во делот од програмта Н2- Средно образование во делот за донации износ од 10.684.150, при што нивото на буџетот се зголемува за овој износ, како во делот на донации така и на вкупно ниво, правопропорционално како во приходниот дел, така и во расходите во оваа програма. На 18.07.2017 год. донесена е уште една Одлука за проширување на буџетот на Општината бр.08-9194/7, во Програмата за поддршка на локалниот економски развој, во делот на донации, износ од 4.000.000 ден. при што вкупната програма за локален економски развој како и вкупниот буџет се зголемува за овој износ, при што вкупниот износ на буџетот со овие измени достигнува бројка од 1.127.788.387 ден. Буџетот на Општина Охрид во овие рамки се реализираше до 18.08.2017 година кога на седница на Советот беше донесена нова Одлука за измени на распоредот на средствата во буџетот на Општината бр. 08-10968/22 со која се изврши повторно реалокација на средства од една програма во друга, при што нивото на буџетот остана непроменето. На 13.11.2017 год. последно за оваа буџетска година се донесува Одлука за измена на распоредот на средства на буџетот на Општина Охрид, во делот блок-дотации, при што извршена е реалокација на средства од една позиција на друга во

програмите од образованието и детската заштита, согласно потребите за преостанатиот период од буџетката 2017 година, при што буџетот остана на претходно утврденото ниво.

Завршната сметка на буџетот се донесува согласно позитивните законски прописи кои ја регулираат формата и содржината на завршните сметки а формата и содржината е пропишана од страна на Министерството за финансии. Завршната сметка во својата форма ги содржи истите податоци како и оние кои ги содржи буџетот, само што завршната сметка дава слика за реализација како на приходната страна така и на расходната страна. Во процедурата на донесување на годишната сметка, Советот ја донесува завршната сметка (за претходната година) најдоцна до 15 март во тековната година и истата во пропишана форма се доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година. Структурата на планираниот буџет на Општина Охрид за 2017 година согласно донесениот буџет и измените, прикажани компаративно со претходната година е даден во следната табела:

***Табела бр.1***

| **Ред. број** | **Видови на приходи** | **2016 год.** | **2017 год.** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 418.373.962,оо | 479.467.154,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 91.815.555,оо | 74.505.079,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 368.185.000,оо | 384.688.318,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 19.367.000,оо | 21.066.000,оо |
| **5.** | Приходи по основа донации од странство | 23.124.259,оо | 28.444.150,оо |
| **6.** | Приходи по основ кредити | 78.029.351,оо | 139.617.686,оо |
| | | 998.895.127,оо | 1.127.788.387,оо |

## 2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ

### 2.1 Приходи на Општината

Извршувањето на приходите во буџетот на Општина Охрид за 2017 година изнесува **924.396.176,оо** денари што претставува извршување од 81,97% од проектираните **1.127.788.387,оо**. Ваквото извршување на приходите во себе ги содржи и средствата кои останале како непотрошени во буџетската 2016 година и истите како такви се пренесени и планирани во буџетот за наредната 2017 буџетска година односно т.н. вишок на приходи кои се содржани во контото 741- Трансфери од други нивоа на власт. Височината на вишокот на непотрошените средства пак кои остануваат како непотрошени во 2017 се пренесуваат во новиот буџет, поодделно по видови буџет (основен буџет, блок-наменски дотации, буџет на самофинансирачки активности, донации и приходи по основа кредитно задолжување) дадени се во табеларниот приказ на приходите којшто е составен дел на завршната сметка и овој извештај.

Според изворите на приходи, структурата на остварување на буџетот е дадена во следната табела:

***Табела бр.2***

| **Реден број** | **Видови на приходи** | **2017год. Планирано** | **2017 год. Остварено** | **%** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 479.467.154,оо | 428.538.109,оо | 89,38 |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 74.505.079,оо | 71.011.144,оо | 95,31 |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 384.688.318,оо | 382.630.660,оо | 99,47 |
| **4.** | Приходи од самофин. активности | 21.066.000,оо | 21.575.237,оо | 102,42 |
| **5.** | Приходи по основа донации од странство | 28.444.150,оо | 20.641.026,оо | 72,57 |
| **6.** | Приходи по основа кредити | 139.617.686,оо | / | / |
| | | 1.127.788.387,оо | 924.396.176,оо | 81,97 |

Дадените показатели во табелата укажуваат дека Општината во значителен процент ги реализирала зацртаните приходи со исклучок на делот приходи по основа на кредити, приходи коишто учествуваат со значителен дел во планираните ставки во буџетот, а се без никаква реализација. Во табеларниот дел од завршната сметка на буџетот на Општина Охрид за 2017 година, може да се види структуралната распределба на остварување на приходите според единствениот план и класификација на приходите утврден за начинот на евидентирање во буџетските органи и другите буџетски корисници на Р. Македонија.

Споредбено остварувањето на буџетот во 2017 и 2016 година е дадено во следната табела:

***Табела бр.3***

| **Реден број** | **Видови на приходи** | **2016 год. Остварено** | **2017 год. Остварено** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 380.673.222,оо | 428.538.109,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 89.047.659,оо | 71.011.144,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 367.754.135,оо | 382.630.660,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 17.968.292,оо | 21.575.237,оо |
| **5.** | Приходи по основа донации од странство | 21.980.247,оо | 20.641.026,оо |
| **6.** | Приходи по основа кредити | 78.019.426,оо | / |
| | | 955.442.981,оо | 924.396.176,оо |

Сумирано вкупните реализирани приходи по сите основи во 2017 година се за 31.046.805,оо денари помали во однос на вкупно реализираните приходи во 2016 година, додека пак гледано само изворните приходи, кои согласно своите надлежности Општината има право и обврска да ги прибира се за 47.864.887,оо ден. повеќе прибрани во 2017 год. во однос на 2016 година. Структурата на приходите е дадена во табелата погоре при што видливи се отстапувањата во делот приходи по основа кредити додека другите типови на приходи се остваруваат во рамките на очекувањата и предвидувањата со буџетот за 2017 год. За делот трансфери од други нивоа на власт потребно е да се напомене дека ги опфаќа приходите прикажани на групата 741 кои во себе како позначајни категории ги опфаќа приходите од ДДВ, трансферите од Јавното претпријатие за државни патишта согласно Годишна програма како и пренесениот вишок- средства кои како непотрошени се пренесуваат од една во друга буџетска година и како категории секоја поодело учествува со различен процент во буџетот и се различни во различни буџетски години.

**2.2 Расходи на Општината**

Остварениот износ на приходи на буџетот на Општина Охрид за 2017 година, претставува основа за степенот на реализирање на програмите за работа и измирување на трошоците согласно усвоените програми од страна на Општинскиот совет.

Во посебниот дел на буџетот на општина Охрид за 2017 година искажани се трошоците по носители и корисници. Билансот на трошоците на буџетот на Општина Охрид за 2017 година е во рамките на одобрениот буџет и истиот од 01.01 до 31.12.2017 година изнесува 854.794.184,оо денари (921.725.492,оо во 2016) или 75,79 % реализација. (92,27% во 2016).

Разликата од 69.601.992,оо денари помеѓу остварените приходи и реализираните трошоци во периодот од 01.01 до 31.12.2017 година претставува вишок на приходи кои како непотрошени средства во тековната година се пренесуваат и распоредуваат во буџетот на наредната 2018 година, соодветно по намени. Во делот прикажан во табеларниот преглед на завршната сметка, во делот на основниот буџет каде е прикажана разлика помеѓу вкупните приходи и вкупните расходи која всушност претставува вишок на приходи кои како непотрошени во тековната година се пренесуваат во наредната буџетска година треба да се напомене дека во износот од

44.575.692,оо денари, содржан е износ од 24.612.010,оо ден. кој произлегува од вонсудска спогодба за регулирање на меѓусебни побарувања бр.09-2983/1 од 27.02.2017 год, а која пак произлегува од судска пресуда ТС1-28/16 за спор од изминати години, спор по кој Општината е задолжена за исплата на горе споменатиот износ, опфатен со спогодбата. Ваквата спогодба покрај книговодствените промени, предизвикува промени и на приходната и расходната страна во буџетот. Поради неможност ваквите промени да се спроведат преку единствениот трезорски систем бидејќи се работи за вонсудска спогодба која не предизвикува парични текови во системот, а предизвикува промени во приходите и расходите на буџетот, истата мора да добие сметководствен третман односно евиденција и доколку се споредат податоците од трезорскиот систем и сметководствената евиденција, ќе се воочи оваа разлика поради што и го даваме претходното образложение.

Во делот на самофинансирачките приходи, приходи кои ги остваруваат буџетските корисници од своето работење, финансиските параметри по основа расходи и приходи од оваа позиција како и блок-дотациите за образование и детска заштита, поединечно се дадени во извештаите од наведените правни субјекти кои се предмет на разгледување и усвојување од страна на Советот на општина Охрид.

**2.3 Обврски кон добавувачите**

За обврските кои ги има Општина Охрид, за нивната висина и потекло се дискутирало повеќе пати. Во минатиот период беа преземени чекори и мерки за намалување на истите и започнување на еден избалансиран пристап во однос на решавање на наталожените, затекнати обврски и долгови. И покрај досегашните активности на ова поле, висината на обврските и натаму претставува значителна пречка за непречено функционирање на Општината, како и за целосна реализација на усвоените програми за работа. Покрај активната политика и мерки кои беа преземени во изминатиот период, високиот степен на задолженост од една страна и секојдневните растечки потреби на граѓаните на Општина Охрид, допринесуваат Општината и покрај активните мерки и политика, се уште да има големи проблеми во своето делување и сервисирање на обврските кон добавувачите. Општината и натаму работи во услови на блокирана сметка со утврден лимит од Основниот суд Охрид во висина за неопходно извршување на функциите на Општината. Како во изминатиот период, така и денес, Општина Охрид во решавањето на овие проблеми се потпира единствено на своите приходи односно тековни средства- приливи кои ги остварува согласно закон. Од една страна средствата за решавање на тековните проблеми континуирано растат правопропорционално со потребите на граѓаните, а од друга страна исто така растат и обврските како од тековните активности, уште повеќе и од обврските од претходните години за кои Општината секојдневно се терети со судски решенија, камати, извршни трошоци итн. Овој процес кој се одвива веќе подолго време station наназад, за жал има ретоградно дејство на сите процеси кои се одвиваат во нашата општина, во голема мера го кочи работењето на локалната самоуправа и ја уназадува развојната компонента на градот и граѓаните од проста причина што Општината не располага со неограничени можности и фискален капацитет, а на крај цената од сите овие процеси ја плаќаме заедно сите ние, граѓаните на нашата општина. И покрај се, Општината продолжува со напорите за изнаоѓање решенија за ваквата ситуација и натаму води активна политика во разрешување на проблемите кои произлегуваат од задолженоста на Општината, се разгледуваат опциите за решавање на дел од проблемите по пат на склучување на спогодби за подмирување на долговите на рати и интенција е Општината во рамките на своите можности еднаш засекогаш да стави крај на ваквите текови и проблеми кои го кочат целокупниот наш развој.

Висината на обврските континурано предизвикуваше и се уште предизвикува проблеми не само во извршувањето на тековните активности туку и во самиот процес на планирање и подготвување на буџетот, а следствено на тоа и рационално планирање и реализација на програмите за работа. Во изминатиот период за утврдување на вкупните обврски кон

добавувачите од страна на менаџментот на Општината беше изготвен план за реализација на оваа активност, формирана е комисија со цел реално утврдување на вкупниот долг на Општината по сите основи, структурално разработен по доверители за изведени работи, доверители за експропријација, каматни побарувања, судски, процесни трошоци, спогодбени побарувања и побарувања од физички лица. Обврските кои настануваат секојдневно, тековно на дневна основа се евидентираат и ажурираат во стручната служба при Општина Охрид.

Обврските на Општината и во идниот период, се до нивно целосно расчистување ќе го имаат главниот збор во креирањето на политиките на Општината, во креирањето на фискалната стратегија и буџетите. Ваквата ситуација, како досега, така и во периодот кој следува, налага целосно ангажирање на сите капацитети, максимален ангажман на менаџментот на општината како и висок приоритет во агендата на активности на Општината во натамошниот период, се со цел што поскоро Општината да излезе од ситуацијата во која моментално се наоѓа и е голема пречка пред се за економскиот раст и развој на општината. Менаџментот на Општината максимално е ангажиран и работи на изнаоѓање начини и методи за решавање на овој проблем, но бидејќи се работи за сериозна материја и активност од голем обем, претстои напорна работа и борба до целосно решавање на овој проблем.

## 2.4 *ПОБАРУВАЊА*

Покрај за претходно споменатите обврски кои ги има, Општина Охрид во насока на заштита на своите права, преку надлежните служби и ангажираните правни застапници, редовно ги следи своите побарувања, врши следење на нивното доспевање и презема дејства за судска наплата на истите. Од страна на стручната служба за сите оние побарувања кои доспеваат без разлика на нивната основа и висина како од правни така и од физички лица навремено се дава предлог за утужување до правната служба или правните застапници и сите такви предмети навремено се процесуираат од страна на стручната служба пред надлежните органи. Бидејќи ваквиот процес се одвива секојдневно односно се работи за континуиран процес каде дел од предметите веќе се завршени, дел се во постапка а дел започнуваат, Општината не располага со точен податок за висината на износот кој би се добил по оваа основа односно од наплата по утужените предмети. Вкупните евидентирани побарувања по сите основи се прикажани и опфатени со пописот за 2017 година.

Во нашата Општина континуирано се спроведува трендот на транспарентност во работењето, трендот на отворање на процесот на буџетирање кон јавноста, тренд кој значи целокупното работење на Општината вклучително и буџетското работење да бидат навремено и целосно достапни за јавноста, со цел запазување на претходно споменатите принципи, а во насока на чесно и одговорно работење на локалната самоуправа. Администрацијата е се поотворена во своето работење, се прифаќаат предлози и идеи од граѓаните, се овозможи целосен пристап до информациите од јавен карактер. Партиципацијата во ваквите процеси од страна на граѓаните гради мостови на доверба помеѓу локалните власти и граѓаните, помага во градењето на една транспарентна и одговорна локална власт, помага во подобрување на услугите кои ги добиваат граѓаните. Вклученоста на граѓаните во овие процеси е како во делот на креирањето на буџетот, предлагање, планирање на активностите, процесот на донесување на буџетот, процесите на извршување на буџетот, така и при поднесувањето на отчет за сработеното, односно изготвувањето на завршните сметки, се со цел запазување на процесот на транспарентност во трошењето на нивните средства, висината, намената и остварувањата. Основните придобивки од транспарентноста во овие процеси е секако унапредување на демократските процеси во општеството, чувството за отвореност и отчетност кое го имаат граѓаните кон локалните власти и чувството на креатори на својата судбина, која произлегува од нивната активна улога во овој процес.

Во насока на ваквата транспарентност, согласно законските прописи, општините до Министерството за финансии редовно поднесуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи за своето работење. Буџетот на општината, кварталните, полугодишните извештаи, како и завршната сметка на буџетот се објавуваат во "Службен гласник на општината" кој се објавува на официјалната веб страница на општината. Три основни принципи се битни во процесот на транспарентност на буџетскиот процес и тоа:

- достапност на информации за буџетскиот процес, дали јавноста добива навремени, сеопфатни и точни податоци ;
- вклученост на граѓаните во процесот на донесување на буџетот и во колкава мера и
- мониторинг на процесот на извршување на буџетот.

Битен момент во овој процес е тоа, дали одлуките коишто се носат за трошење на народните пари, парите од буџетот, се донесени на транспарентен начин, дали одлуките кои ги носи локалната самоуправа ги отсликува барањата односно мислењето и потребите на граѓаните или сето тоа се прави далеку од очите на јавноста. Во овој процес, голема е улогата на граѓанскиот и невладиниот сектор во поттикнување и развој на транспарентен мониторнинг систем, кој во голема мера ќе влијае на процесот на донесување на одлуките на локалната власт и секако намалување на лошото менаџирање со јавните ресурси и буџет. Иако ваквите процеси навидум не изгледаат лесни и се чини дека се ограничувачки, сепак постојат методи и начини за воведување на ваква пракса и систем на транспарентност и отчетност, а во оваа насока во последно време силен поттик дава и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во нашата Општина принципот на транспарентност се практикува на едно високо ниво, на сите нивоа од работењето од започнување на процесот на буџетирање каде се користи методот на партиципативно буџетирање, процес кој буди се поголем интерес и застапеност, процес кој вклучува директна вклученост на јавноста во целокупниот процес на буџетирање од самиот почеток па се до крај, односно од моментот на започнување на планирањето на буџетот, до моментот на изготвување на буџетот па реализацијата на буџетот и на крај отчетот за сработеното. Сето ова се остварува преку разни форуми, јавни трибини, средби со граѓани, процес кој континуирано се врши од самиот почеток, при што улогата на граѓаните во сите овие фази е посебно изразена и е на високо ниво со цел граѓаните сами да бидат вклучени во процесите на одлучување за своите потреби и приоритети, односно да се слушнат нивните барања и мислење. Една од најголемите улоги која ја игра транспарентноста и кон која се стреми нашата Општина не само во буџетскиот процес, туку и во целокупното работење е намалување на корупцијата и зголемување на одговорноста во работењето, принципи кои порано или подоцна ќе мора да ги прифатат и спроведуваат сите, бидејќи целокупното работење, не само на локално ниво туку и на сите други јавни и државни институции се темели на работењето со парите на граѓаните. Ваквиот пристап и начин на работење е единствено исправен и треба да претставува патоказ за сегашните и наредните генерации за градење на праведно општество, економски раст и развој на истото.

**Број 08-3185/10-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2017 ГОДИНА НА ОМУ„МЕТОДИ ПАТЧЕ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2017 година на ОМУ„Методи Патче“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/11** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2017 ГОДИНА НА ОМУ„МЕТОДИ ПАТЧЕ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОМУ„Методи Патче“- Охрид за 2017 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-30/6 од 22.02.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Претседател,**
**О х р и д** ***Живка Ангелоска,с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - ОХРИД ЗА 2016/2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2016/2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОЈУ ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ - ОХРИД ЗА 2016/2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2016/2017 година, донесена од Управниот одбор на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид бр.02-89/4 од 21.02.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК - ДОТАЦИЈАТА ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Методологијата за распределба на блок - дотацијата за основно и средно образование во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година донесе:

# О Д Л У К А
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК - ДОТАЦИЈАТА ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Методологијата за распределба на блок-дотацијата за основно и средно образование во општина Охрид.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/13**
**14.03.2018 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК- ДОТАЦИЈАТА ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД

Блок -дотацијата опфаќа средства за покривање на платите и придонесите на вработените во училиштата и средства за покривање на материјалните трошоци.

Со оглед на спецификите на училиштата не е возможно да се изготви формула која би опфатила само еден критериум (пр. број на ученици) за распределба на средствата од блок - дотацијата.

За непречено функционирање на постојната училишна мрежа , распределбата на блок - дотацијата треба да се врши според следните критериуми:

***-бројот на ученици;***
***-училишниот простор во м $^2$ кој се затоплува и***
***-одредени специфичности на училиштето .***

Имено, евентуалната распределба на блок-дотацијата во која единствен приоритетен критериум би бил бројот на учениците ( како што се предлага од МОН), ќе го доведе во прашање елементарното функционирање и постоење на помалите училишта, кои во најголем број се наоѓаат во руралните средини, што би било спротивно на политиката на Советот на општина Охрид за зачувување на постојната училишна мрежа, затекната во периодот на децентрализација.

Одредени трошоци во училиштата се детерминирани од големината на училишниот простор, други од бројот на ученици, а трети од одредени специфичности на училиштето.

Така, висината на **средствата за затоплување** на училиштата како и средствата за електрична енергија ,вода и ѓубретарина, зависат од големината на училишниот простор, особено од просторот кој се затоплува. (МОН во периодот пред децентрализацијата, според одредени критериуми , ги утврди потребните количини на нафта и огревно дрво за сите училишта поединечно).

Висината на **средствата за превоз** се правопропорционални со бројот на учениците кои го остваруваат ова законско право и должината на релацијата на која патуваат учениците. Треба да се нагласи дека, во средните стручни училишта каде што има поголем број ученици кои патуваат од други општини има и повисок износ на трошоци за превоз . Исто така , во основните училишта со поголем број деца со посебни потреби (ОУ „Св.Климент Охридски“)

потребни се повеќе средства за превоз бидејќи и нивните родители законски ги следува одреден надоместок за превоз.

**Средствата за материјални трошоци** - канцелариски материјали, средства за хигиена и сл. зависат од бројот на ученици и училишниот простор;

Од бројот на ученици, но и од развиеноста на училиштата (во смисла на остварената соработка на државно и меѓународно ниво, односно учество на државни и меѓународни натпревари,саеми и сл.) се условени и средствата за телефон и интернет -услуги .

Училиштата секој месец доставуваат до Општина Охрид преглед со неподмирени обврски ,врз основа на коишто се утврдува приоритетот на покривање на истите (во случај обврските да се поголеми од месечниот износ на средства кој го добива училиштето како дел од блок - дотацијата).

Недостигот од средства за училиштата, Општина Охрид според сопствените можности го покрива од сопствен буџет ,со што не би се нарушило нормалното функционирање на училиштата.

**ФОРМУЛА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ОД БЛОК -ДОТАЦИЈА ЗА МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ ПО УЧИЛИШТА**

***Коефициент х месечен износ на блок - дотацијата***

Коефициентот ,за секое училиште посебно, се утврдува со следната формула :

$$\frac{\dfrac{\text{Број на ученици во училиштето}}{\text{Вк.бр.на ученици во сите основни односно средни училишта}} + \dfrac{\text{простор кој се загрева во училиштето во м}^2}{\text{вк.простор кој се загрева во сите основни односно средни училишта}}}{2}$$

Средствата се распределуваат посебно за основните и посебно за средните училишта.

**Број 08-3185/13-1**
**14.03.2018 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ И ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој и финансискиот извештај за 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/14**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 1/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ И ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој и Финансискиот извештај за 2017 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 08-3185/14**
**14.03.2018 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за дополнување на Одлуката за разрешување и именување членови во управниот одбор на ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/15**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 114 став 1, 8, 16, 17 и 18 и член 115 став 1 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.23/2013, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16,163/17 и 21/18), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“бр.5/02) и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ „ЈАСНА РИСТЕСКА“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се врши дополнување на Одлуката за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „ Јасна Ристеска “ - Охрид , број 08-762/4 од 29.01.2018 година.

**Член 2**

Во член 1 од Одлуката по алинеа 3, се додаваат две нови алинеи и тоа :

- **МАРИЈА ТРПОСКА**
- **ГОРАН ПОПОСКИ**

**Член 3**

Во член 2 од Одлуката по алинеа 3, се додаваат четири нови алинеи и тоа:

- **СУЗАНА ПОПОСКА**
- **ВЕСНА НИКОЛОВСКА**
- **БИЛЈАНА СИЉАНОВСКИ**
- **ГОРДАНА ЈАКОВЧЕСКА**

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид.“

**Број 08-3185/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП Градски Пазар-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/16** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР - ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот на Управниот одбор на ЈП Градски Пазар – Охрид поради поднесување оставка

- **САШЕ ЈОВАНОСКИ**

**Член 2**

За член на Управниот одбор на ЈП Градски Пазар - Охрид се именува:

- **ИЛЧЕ НЕСТОРОСКИ**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/16** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ -ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за разрешување и именување член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Градски гробишта“ -Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/17** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП „ГРАДСКИ ГРОБИШТА“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Градски гробишта“ – Охрид поради подолг престој надвор од Република Македонија.

- **МАРЈАН ЧАДОСКИ**

**Член 2**

За член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид се именува:

- **МИКИ МИЛЕСКИ**

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/17**
**14.03.2018 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена на статутот на ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/18**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена на Статутот на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“ -Охрид бр.02-185/5 од 26.02.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/18**
**14.03.2018 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**Дел. бр. 02-185/5**
**26.02.2018 год.**

Врз основа на член 19 од Законот за Јавни претпријатија, како и врз основа на член 17 од Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид, Управниот одбор на седница одржана на ден **26.02.2018** година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за измена на Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид**

**Член 1**

Се менува став 5 од членот 21 од Статутот на ЈП Нискоградба Охрид и истиот ќе гласи:

**“** За Директор на Јавното претпријатие може да се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- да има минимум 5 ( пет ) години работно искуство. “
-

**Член 2**

Се задолжува стручната служба во ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД - Охрид да изготви пречистен текст на Статутот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на добивање согласност од страна на основачот, Советот на општина Охрид.

Д.Н:
- Архива
- Градоначалник на општина Охрид
- Совет на општина Охрид

**Управен одбор**
**Заменик Претседател**
**Венко Калачоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД СО СРЕДНОРОЧЕН КРЕДИТ ЗА НАБАВКА НА КОМУНАЛНИ ВОЗИЛА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид со среднорочен кредит за набавка на комунални возила, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/19**
**14.03.2018 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ - ОХРИД СО СРЕДНОРОЧЕН КРЕДИТ ЗА НАБАВКА НА КОМУНАЛНИ ВОЗИЛА**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за задолжување на ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид со среднорочен кредит за набавка на комунални возила, донесена од Управниот одбор на ЈП „Нискоградба Охрид“- Охрид бр. 02-185/10 од 26.02.2018 година.

**Член 2**

Општина Охрид се согласува да биде гарант на кредитното задолжување на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид, со среднорочен кредит за набавка на комунални возила.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/19**
**14.03.2018 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**Дел. бр. 02-185/10**
**26.02.2018 год**

Врз основа на член 17 од Статутот на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД – Охрид, Управниот одбор на јавното претпријатие на седницата одржана на **26.02.2018** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за задолжување на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД – Охрид**
**со среднорочен кредит за набавка на комунални возила**

**Член 1**

Со оваа Одлука ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД – Охрид се задолжува со среднорочен банкарски кредит во земјава за финансирање – набавка на комунални возила.

**Член 2**

Висината на задолжувањето изнесува 107 500 евра, изразено во денарска противвредност по курс на банката на денот на одобрувањето на средствата.

Отплатата на задолжувањето ќе се врши во текот на 2 години ( 24 месеци ), на еднакви месечни ануитети.

Втората половина од инвестицијата во висина од 107 500 евра ја обезбедува Владата на Република Словенија.

**Член 3**

За кредитното задолжување на ЈП НИСКОГРАДБА ОХРИД – Охрид, потребна е претходна согласност од општината Охрид која ќе биде гарант на кредитното задолжување.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од општината Охрид.

**Д.Н.**
- Архива
- Совет на општина Охрид

**Управен одбор**
**Заменик Претседател**
**Венко Калачоски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР- ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услуги што ги врши ЈП Градски Пазар – Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година.

**Број 09-3185/20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ ЈП ГРАДСКИ ПАЗАР- ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот на услуги што ги врши ЈП Градски Пазар – Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП Градски Пазар - Охрид бр.02-69/1 од 23.02.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3185/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2018 година** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**Бр. 02-69/1 од 23.02.2018 година.**

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 20 од Статутот на ЈП Градски Пазар, Управниот Одбор на ЈП Градски Пазар-Охрид, на својата седница одржана на ден 23.02.2018 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Одлуката за Утврдување на висината на надоместокот на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар- Охрид**

**Член 1**

Со оваа Одлука Управниот Одбор на ЈП Градски Пазар – Охрид ја утврдува висината на услугите што ги врши ЈП Градски Пазар-Охрид за :

- пазаришната такса;
-надоместокот за користење под закуп на продажно место тезга ;
- надоместокот за користење под закуп на продажно место -штандови и друг простор;
- надоместокот за користење под закуп на продажно место на недвижни ствари (деловни простории);
- надоместокот за користење на усуги од паркинг простор ;
-Надомест за издавање на друг простор во сопственост на ЈП Градски Пазар Охрид

**Член2**

Корисниците на услугите се должни за користење под закуп на продажно место – тезга за продажба на земјоделски и занаетчиски производи да платат дневна пазаришна такса (дулија) во износ од по:

- 30.00 ден. За периодот од месец јануари до месец април и за месеците ноември и декември и
- 50.00 ден. За периодот од месец мај до месец октомври.

Во висината на надоместокот од став 1 на овој член е пресметан и данокот на додадена вредност.

**Член3**

Надоместокот за користење под закуп продажни места – тезги и штандови е утврден во зависност од видот на производите за кои се користи продажното место, периодот во кој ќе се користи продажното место, како и местоположбата на продажното место и тоа:

| | категорија | Надомест за закуп за 1 месец | Надомест за закуп 3 месеци | Надомест за закуп 6 месеци | Надомест за закуп 12 месеци |
|---|---|---|---|---|---|
| За земјоделски производи | / | 4500,оо | 9000,00 | 14,000,00 | 22,400,00 |
| За пиљари | / | 5120,00 | 10,300,00 | 16,000,00 | 25,500,00 |
| За бижутерија | / | / | Од 9,900,00 До 10,900,00 | Од 15,700,00 До 17,400,00 | Од 25,000,00 До 27,500,00 |
| За текстил | / | / | / | Од 25,000,00 До 27,500,00 | Од 50,000,00 До 55,000,00 |
| За јајца | / | / | / | 19,500,00 | 31,000,00 |
| За мед и кори | / | / | / | / | 12,000,00 |
| Мали сирење | / | / | / | / | 12,000,00 |
| Мали плацеви | / | / | / | / | 12,400,00 |

Во висината на надоместок утврден во табеларниот преглед од став 1 на овој член не е пресметан данокот на додадена вредност и истиот е на товар на корисниците на услугите.

Доколку за едно исто продажно место се заинтересирани повеќе кандидати издавањето под закуп ќе се реализира по пат на јавно наддавање и електронско наддавање со почетни цени во висината утврдена во табеларниот преглед од став 1 на овој член.

За корисниците на услугите кои се заинтересирани за дневно користење на продажно место – тезга за продажба на земјоделски производи надоместокот за користење на тезгата за еден ден изнесува 300,00 денари, освен во пазарен ден (понеделник) кога дневниот надоместок изнесува 130,00 денари. Во висината на дневниот надоместок за користење на тезга за продажба на земјоделски производи е вклучен и данокот на додадена вредност

**Член 4**

Надоместокот за користење под закуп на продажно место за продажба на големо во Пазар на големо изнесува 5500,00ден/месечно. Договорите за закуп на продажно место се склучуваат за период од најмалку три месеци.

Во висината на надоместокот од став 1 на овој член не е пресметан данокот на додадена вредност и истиот е на товар на корисниците на услугите.

**Член 5**

Надоместокот за користење на услуги од паркинг простор се утврдува во зависност од видот на возилото и периодот во кој се паркинг просторот и тоа:

| | автомобили | камиони |
|---|---|---|
| Од 07.00 – 14,00 | 50,00 ден. | 100,00 ден. |
| Од 07.00 – 20.00 | 100,00 ден. | 200.00 ден. |
| За период од еден месец | 800.00 ден. | 1600.00 ден. |
| За период од една година | 8000.00 ден. | 16.000,00 ден. |

Во висината на надоместокот утврден во табеларниот преглед во став 1 на овој член е пресметан и данокот на додадена вредност.

**Член 6**

Надоместокот за издавање на простор во квадратура не поголема од 2 м$^2$ , за поставување на кафемати, сандак за сладолед , банкомат и слична друга урбана опрема во ЈП Градски Пазар – Охрид изнесува:

- Простор за поставување на кафемат – 2,500.00 денари
- Сандаци за сладолед– 2,500.00 денари
- Банкомат – 5,000.00 денари

Цените се со вклучен ДДВ

Закупецот на просторот е должен да ја надомести и потрошената електрична енергија во висина на стварниот трошок а врз основа на поставено контролно броило или пресметка на потрошената електрична енергија од овластено лице.

Начинот на надоместување на потрошокот на ел. енергија од став еден од овој член , ќе биде регулиран во договорот склучен со корисникот на просторот.

**Член 7**

Издавањето на деловните простории ќе се спроведе согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост со време траење на закупот до 5 години.

Почетен износ на месечна закупнина за издавање на деловните простории и јавниот тоалет согласно Извештајот бр.03-515/1 од 24.01.2018 година за извршената проценка од овластен проценител изнесува:

- Деловен простор бр.1 евдентиран на кп бр.14766/4 со вкупна квадатура од 30 м$^2$ и означен како деловен простор бр 1 изнесува 15,218.00 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител

- Деловен простор бр.2 евдентиран на кп 14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$и означен како деловен простор бр.2 изнесува 18.246,00 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител
- Деловен простор бр.3 евдентиран на кп 14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.3 изнесува 14.243.00 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител
- Деловен простор евдентиран на кп 14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.4 изнесува 17.332,00 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител
- Деловен простор евидентиран на кп 14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$и означен како деловен простор бр.5 изнесува 14.318.00 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител
- Деловен простор евдентиран на кп 14766/4 со вкупна квадатура од 47,5 $м^2$ и означен како деловен простор бр .6 изнесува22.652.00 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител
- Деловен простор евдентиран на кп 14766/4 со вкупна квадатура од 30 $м^2$ и означен како деловен простор бр.7 изнесува 15.708,00 денари или 0,5% од проценетата вредност на овластениот проценител
